# Број 3
# 13.03.2026 година
# Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Одделение за правни и општи работи

Март, 2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, **на ден 13.03.2026** година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 7. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на **7.** седница одржана на **12.03.2026** година:

1.Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари-службени простории на Министерството за внатрешни работи;

2.Одлука за донација на парични средства на ПАКОМАК ДОО Скопје како поддршка на проект од јавен интерес “Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2”;

3.Одлука за промена на назив на установа и скратен назив;

4. Одлука за за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово;

5. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Делчево поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година;

6. Одлука за приоритетен предлог за Проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој;

7. Одлука за приоритетен предлог за Проекти за ПРОГРАМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА;

8.Одлука за приоритетенпредлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;

9.Одлука за отстранување на хаварисани, напуштени и нерегистрирани возила од јавните површини на Општина Делчево;

10.Одлука за утврдување на локација за поставување на собирачки центар за електричен и електронски отпад

11. Заклучок за усвојување на Извештај за спроведувањето на Програмата за јавна чистота за 2025 година;

12.Одлука за финансиска поддршка на Доброволна спасителска служба ОСОГОВО;

13. Одлука за финансиска помош на Данијела Ивановска;

14.Одлука за финансиска помош на Драгана Ѓорѓиевска;

15.Одлука За давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево за отпис и расходување на електронски електричен отпад бр.02-71/4;

16. Програма за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година ;

17. Програма за култура на Општина Делчево за 2026 година;

18.Одлука за определување на тарифи за вршење на авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Делчево.
19.Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница за 2026 година;
20.Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.
21.Одлука за давање на согласност на Одлуката утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.
22. Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на надоместоци за користење под закуп на пазарни тезги и деловни објекти на „Градски пазар во Општина Делчево“, донесена од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.
23.Одлука за избор на член од Советот на Општина Делчево кој одлучува во случај на конфликт на интереси на Градоначалникот;
24. Одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево бр. 09-2013/1 од 29.08.2025 година;
25. Одлука за финансиска помош на Демир Јашаров;
26. Одлука за финансиска помош на Ерол Садулов;
27.Одлука за одобрување средства за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;
28. Одлука за одобрување средства за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;
29. Заклучок во врска со Информацијата за советниците и јавноста во врска со обидите на советникот Тони Стаменковски од политичката партија Левица.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 888/1
13.03. 2026 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Иван Гоцевски, с.р.

1. Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002), член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен Весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Службен Гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата Седма седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на трајно користење на недвижни ствари-службени простории**
**на Министерството за внатрешни работи**

Член 1

Со оваа Одлука на Министерството за внатрешни работи се даваат на трајно користење следните службени простории сопственост на Општина Делчево и тоа:

- Просторија бр.1, згр.1, влез 1, кат 01, со површина од 20,18 м2;
- Просторија бр.12, згр.1, влез 1, кат 01, со површина од 13,16 м2;
- Просторија бр.13, згр.1, влез 1, кат 01, со површина од 5,63 м2;
- Просторија бр.14, згр.1, влез 1, кат 01, со површина од 11,27 м2,
- Просторија бр.15, згр.1, влез 1, кат 01, со површина од 5,29 м2 и
- Просторија бр.16, згр.1, влез 1, кат 01, со површина од 12,84 м2.

Член 2

Недвижните ствари опишани во член 1 на оваа Одлука се дел од КП бр. 7132 на ул. „М.М. Брицо“ бб Делчево, евидентирани во ИЛ бр.10321, КО Делчево и истите се даваат на трајно користење без надоместок на Министерството за внатрешни работи за извршување на редовни надлежности на нивните Управни служби во Делчево.

Член 3

Врз основа на оваа Одлука ќе се склучи Договор за користење помеѓу Општина Делчево и Министерството за внатрешни работи со дефинирање на правата и обврските на двете договорни страни.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е скица од внатрешно мерење на запишани недвижни ствари извршени од Агенцијата за Катастар на недвижности, Одделение Делчево.

Член 5

Користењето на недвижните ствари може да престане со Одлука на Советот на Општина Делчево согласно закон, како и во случаи кога стварите се користат спротивно на намената и извршувањето на работите за кои се дадени.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 853/1
12.03.2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски,с.р.

**2.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24 и член 76 став 2 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл. Весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Делчево на својата петта седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

О Д Л У К А

За донација на парични средства на ПАКОМАК ДОО Скопје како поддршка на проект од јавен интерес "Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2"

Член 1

Општина Делчево, како давател на донација, донира на ПАКОМАК ДОО Скопје, како прималел на донација, парични средства како поддршка на Проектот од јавен интерес "Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2".

Член 2

Давателот на донацијата ќе донира парични средства на Примателот на донацијата со цел поддршка и вклучување на општина Делчево во проектот од јавен интерес „Паметно управување со отпадот од пакување во Македонија, фаза 2"„ со кој преку поставување на повратни вендинг машини за собирање на пластични шишиња и алуминиумски лименки, се поттикнува создавање на навики кај населението за електираното собирање на отпадот од пакување и негово рециклирање како и подигнување на еколошката свест за бенефитите од селекцијата и рецклирањето во насока на заштитата и унапредувањето на животната средина.

Член 3

Општина Делчево ќе донира на ПАКОМАК ДОО Скопје 100.000,оо денари (деведесет илјади денари).

Член 4

Паричните средства Давателот на донацијата се обврзува да ги донира/исплаќа на квартално ниво, а за секој дониран паричен износ од страна на Давателот на донацијата, Примателот на донацијата се обврзува да потпише потврда за примена донација во која ќе биде содржан износот на финансиските средства кои ги примил како донација. Паричните средства, давателот на донацијата се обврзува да му ги исплаќа на примателот на донацијата на неговата трансакциска сметка 250001002708705 Депонент Шпаркасе банка.

Член 5

Се овластува Градоначалникот на општина Делчево, да склучи договори за соработка и за донација, со ПАКОМАК ДОО Скопје

Член 7

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Бр. 09- 854/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
12.03.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**3.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 35 став 3 од Законот за установи („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2005, 120/2005, 51/2011 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.99/2022) и член 46 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/2004, 84/2005, 71/2006, 25/2007, 87/2008, 17/2009, 23/2009; 42/2010, 48/2010, 8/2011, 21/2011, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 217/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018, 195/2018, 225/2018, 239/2018, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.79/2020, 123/2020, 290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025), а во врска со Одлуката за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево(Службен гласник на Општина Делчево бр.22/25), основачот на Локалениот историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево со ЕМБС 6459080, Советот на Општина Делчево, на својата 7. седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
### За промена на назив на установа и скратен назив

### Член 1

Се менува називот на установата и новиот назив гласи:
Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево-во ликвидација.

### Член 2

Се менува скратениот називот на установата и новиот скратен назив гласи:
МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево-во ликвидација.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево", а ќе се применува со уписот во трговскиот регистар.

**Бр. 09-855/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**12.03.2026 година** — **Претседател**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

4. Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 6 став 1 и став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ" бр. 79/2009 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.241/24) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево, на својата седма седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево го утврдува Предлогот за воспоставува меѓуопштинска соработка поднесено од Градоначалникот на Општина Делчево бр. 09-781/1 од 05.03.2026 година, за вршење на работи и работни задачи во надлежност на општината, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, Овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност помеѓу Општина Делчево и Општина Берово.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука да се достави до Општина Берово заради донесување на Одлука за воспоставува меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Бр. 09-856/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
12.03.2026 година — Претседател
Делчево — Николчо Стојменовски,с.р.

5. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 7. седница, одржана на ден 25.01.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2025 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година;

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09- 857/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
12.03. 2026 — Претседател,
Делчево — Николчо Стојменовски,с.р.

6. Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РМ“бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015) Советот на општина Делчево на својата 7. седница одржана на ден 12.03.2026 година ја донесе, следната

ОДЛУКА
За приоритетен предлог за Проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот **„Реконструкција на улица Мито Хаџивасилев – Јасмин и јавен паркинг“.**

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, Проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој
Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 3 810,246, 00 денари.

Член 2

За реализација на проектот „Реконструкција на улица Мито Хаџивасилев – Јасмин и јавен паркинг“. потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот „Реконструкција на улица Мито Хаџивасилев – Јасмин и јавен паркинг“ ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, Проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-858/1
12.03.2026
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски,с.р.

**7.** Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата 7. седница одржана на ден 12.03.2026 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
За приоритетен предлог за Проекти за ПРОГРАМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИТЕ НА
ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА
КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот **„Изградба на детско игралиште во Спортски центар Делчево“ и набавка на рикзвити за детски игралишта и спортски терени во Делчево.**

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на пшланските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година.
Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 4.200, 000.00 денари.

Член 2

За реализација на проектот „Изградба на детско игралиште во Спортски центар Делчево“ и набавка на риквзити за детски игралишта и спортски терени во Делчево потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 12%.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот „Изградба на детско игралиште во Спортски центар Делчево“ и набавка на риквзити за детски игралишта и спортски терени во Делчево ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа- програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на пшланските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-859/1
12.03.2026
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски,с.р.

8.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата 7 седница одржана на ден 12.03.2026 година, ја донесе следната

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА

За приоритетенпредлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот „Набавка на механизација за оддржување на локалните патишта во села со специфични развојни потреби во Делчево“.

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по програмата за за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2026 година Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 2.381,000.00денари.

Член 2

За реализација на проектот „Набавка на механизација за оддржување на локалните патишта во села со специфични развојни потреби“ потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот „Набавка на механизација за оддржување на локалните патишта во села со специфични развојни потреби“. ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2026 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-860/1<br>12.03.2026<br>Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО<br>Претседател,<br>Николчо Стојменовски,с.р.

9. Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа, (Сл. Весник на Република Македонија бр. 05/02, 202/2024), член 63 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, член 14 од Законот за јавна чистота и член 15 став 4 од Статутот на општина Делчево (Сл. Гласник на општина Делчево бр. 12/13, 01/21), Градоначалникот му предлага на Советот на општина Делчево, да донесе:

**ОДЛУКА**

за отстранување на хаварисани, напуштени и нерегистрирани возила
од јавните површини на Општина Делчево

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредуваат условите, постапката и начинот за идентификација, означување, отстранување и складирање на хаварисани, напуштени и нерегистрирани моторни возила поставени на јавни површини на територијата на Општина Делчево.

**Член 2**

Под **хаварисани или напуштени возила** се подразбираат моторни возила кои:

- се очигледно оштетени, нефункционални или без делови неопходни за нормално движење;
- се нерегистрирани подолг временски период;
- се оставени на јавна површина спротивно на сообраќајните правила;
- претставуваат закана за животната средина, безбедноста на граѓаните или го нарушуваат изгледот на јавниот простор.

**Член 3**

(1) Идентификацијата на хаварисани и напуштени возила ја врши надлежната служба на Општина Делчево во соработка со Полициската станица Делчево.
(2) По утврдувањето, на возилото се поставува писмено **известување/стикер** со рок од **7 дена** за негово доброволно отстранување од страна на сопственикот.

**Член 4**

Доколку сопственикот на возилото не го отстрани возилото во оставениот рок, Општина Делчево ќе пристапи кон принудно отстранување со специјализирана служба.

**Член 5**

Отстранетите возила ќе се транспортираат и сместуваат во определен простор/депонија назначена од Општината. Сопственикот има право да го подигне возилото по претходна идентификација и по целосно подмирување на трошоците за подигање, транспорт и складирање.

**Член 6**

Доколку возилото не биде подигнато во рок од **180 дена** од денот на отстранувањето, Општината има право да постапи согласно важечките закони за негово трајно отстранување или предавање на отпад.

**Член 7**

За спроведување на оваа Одлука надлежни се:

- Одделението за инспекциски надзор на Општина Делчево и
- Полициската станица Делчево.

**Член 8**

Трошоците за постапката за отстранување паѓаат на товар на сопственикот на возилото.

Ценовникот го утврдува општинската служба и се објавува јавно.

Член 9

Оваа предлог Одлука стапува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр.09-861/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
12.03.2026 Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р

10. Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа, (Сл. Весник на Република Македонија бр. 05/02, 202/2024), член 55 став 2, член 61 и член 62 од Законот за Управување со отпадот (Сл.весник на РМакедонија бр.216/21, член 19 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема член 15 став 4 од Статутот на општина Делчево (Сл. Гласник на општина Делчево бр. 12/13, 01/21), Градоначалникот му предлага на Советот на општина Делчево, да донесе:

ОДЛУКА

за утврдување на локација за поставување на собирачки центар за електричен и електронски отпад

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево утврдува локација за поставување на собирачки центар за електричен и електронски отпад, со цел организирано и безбедно собирање, времено складирање и предавање на отпадна електрична и електронска опрема.

Член 2

Собирачкиот центар ќе биде поставен на КП бр.7939/1 КО Делчево на стариот градски пазар.

Член 3

Собирачкиот центар ќе служи за бесплатно предавање на електричен и електронски отпад од домаќинства, како и отпад од правни лица согласно законските услови.

Член 4

Отпадната опрема одделно собрана на определеното место се предава на самостојниот постапувач, односно колективниот постапувач врз основа на склучен договор со градоначалникот на општината.,

Член 5

Општината ќе обезбеди:

- уредување и обележување на просторот,
- поставување соодветни садови/контејнери,

- видео надзор (доколку е потребно),
- информирање на јавноста.

Член 6

Собраниот отпад ќе се предава на овластен собирач/преработувач согласно закон. Со управувањето ќе биде задолжен овластен колективен постапувач со кој општината ќе склучи договор со кој ќе се регулираат и меѓусебните обврски и други прашања од интерес на договорните страни.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево.

Број 09-862/ 1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
12.03.2026 — Претседател,
Делчево — Николчо Стојменовски,с.р.

**11.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за спроведувањето**
**на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2025 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за спроведувањето на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2025 година;

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денотна објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево;

**Број 09- 863/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**12.03.2026 година** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

**12.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-418/1 од 06.02.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 7. седница, одржана на ден 12.03. 2026 година, донесе

О Д Л У К А
**за финансиска поддршка**
**на Доброволна спасителска служба ОСОГОВО**

Член 1

Се одобрува финансиски средства во износ од 10.000 денари по барање на Доброволна

спасителска служба ОСОГОВО.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за поддршка и за реализација на нивните активности предвидени со Годишната програма за работа.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на Доброволна спасителска служба ОСОГОВО, ЕДБ 4013022520317, ЕМБС 7580294, жиро-сметка210075809240103 НЛБ Тутунска банка.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 864/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**12.03. 2026 година** **Претседател,**

**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**13.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 21-497/1 од 10.02.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 7. седница, одржана на ден 12.03. 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска помош на Данијела Ивановска**

Член 1

Се одобрува финансиски средства во износ од **10.000** денари по барање на **Данијела Ивановска од Делчево.**

Член 2

Данијела Ивановска е самохран родител на лице со најтешка телесна попреченост.

Таа е невработена и не е корисник на социјална помош.

Средствата ќе бидат наменети за набавка на лекови и покривање трошоци за контролни прегледи и лекување на нејзиниот син.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на име **Данијела Ивановска** ,на трансакциска сметка 240167101590793, Уни Банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 865/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

12.03. 2026 година Претседател,

Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**14.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 21-424/1 од 06.02.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 7. седница, одржана на ден 12.03. 2026 година, донесе

О Д Л У К А
**за финансиска помош на Драгана Ѓорѓиевска**

Член 1

Се одобрува финансиски средства во износ од 20.000 денари по барање на **Драгана Ѓорѓиевска од Делчево.**

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за набавка на лекови и покривање трошоци за контролни прегледи и лекување на нејзиниот двегодишен син.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на име **Драгана Ѓорѓиевска** ,на трансакциска сметка 300057022786114 Комерцијална Банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 866/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

12.03. 2026 година Претседател,

Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

15. Врз основа на, член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и Барање Ваш бр.03-80/1 од 04.02.2026 година наш бр.09-405/ од 06.02.2026, Советот на Општина Делчево, на својата 7.редовна седница, одржана на 12.02.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за отпис и расходување на електронски електричен отпад бр.02-71/4**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за отпис и расходување на електронски електричен отпад бр.02-71/4.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Број 09- 867/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**12.03. 2026** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски.с.р.**

16.Врз основа на член 22,став 1 точка 13,член 36 став 1 точка 1 и член 62 а во врска со дел XII Месна самоуправа,член 82 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 49 став1 точка 1 од Правилникот за работа на месните и урбаните заедници,Советот на Општина Делчево на својата 7.редовна седница одржана на ден 12.03.2026 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**За активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година**

## 1.Вовед

Постоењето на функционални месни и урбани заедници како основни облици на месна самоуправа во општината се однесува на воспоставување на демократскиот принцип на инклузивност, односно партиципативност. Во општината можат да се основаат облици на месна самоуправа, во градовите како урбани заедници и во другите населени места како месни заедници.

Жените и мажите во општината ги основаат облиците на месните и урбаните заедници заради остварување на правото на месна самоуправа како облик на изразување на нивниот заеднички интерес и заради давање придонес за решавање на секојдневните потреби во непосредна околина на подрачјето за кои се основаат и вклучување во системот на одлучување во локалната самопурава.

Директно преку новното формирање се вклучуваат во процесот на јавни политики преку организирање на состаноци, преку годишни програми, доставување на предлози и ставови за прашања за непосредно и секојдневно значење за локалната заедница.Како добра практика која треба да се нагласи е учеството на месните и урбаните заедници на учеството во буџетските форуми.

Сепак месните и урбаните се соочуваат со бројни предизвици кои се резултат на неадекватната правна рамка, недостатокот на финансиски средства како и апатичноста односно немањето иницијативи од месните и урбаните заедници.

## 2.Законска основа

Глава XII од Законот за локална самоуправа го регулира прашањето на месната самоуправа во единиците на локалната самоуправа.

Членот 82 ги дефинира облиците на месната самоуправа во урбани (градовите) и месни во другите населени места. Во Законот за локална самоуправа во член 83 се утврдени надлежностите на облиците на месната самоуправа, член 84 го регулира изборот на советот, член 85 изборот на претседателот, и членот 86 делегирањето на работите на облиците на месната самоуправа.

Законот за локална самоуправа од 2002 година ги дефинира облиците на месна самоуправа како месни заедници во руралните области и урбаните заедници во градовите. Законот за локална самоуправа пропишува дека облиците на месна самоуправа се основаат со статутот на општината, кој ги одредува нивните односи со општината, активностите на градоначалникот чија реализација може да се додели на претседателот на месната самоуправа, начинот на обезбедување средства за доделени активности и други важни прашања за месната самоуправа.

Законот за локална самоуправа предвидува можност урбаните и месните заедници како примарна клетка на локалната самоуправа да спроведуваат одредени активности, кои ќе им бидат пренесени/делегирани од страна на општината и градоначалникот/ градоначалничката. Практиката покажала дека постои позитивна врска помеѓу постоењето на активна месна самоуправа со повисоко ниво на учество во решавање на локалните прашања, и постоење поголема доверба во локалната самоуправа и поголема дисциплина за плаќање на локалните давачки од страна на жените и мажите. Она што жителите во една локална заедница сакаат да видат е брза и квалитетна реакција на локалните власти во решавање на локалните проблеми. Оттука за очекување е да сакаат да придонесат преку своите месни и урбани заедници за подобрување на условите за живеење.

Програмата исто така кореспондира и со Законот за еднакви можности на мажите и жените (Службен весник на РСМ бр.201/2015).

Општината и избраните претставници/претставнички имаат обврска да ги мотивираат жените и мажите кон повисок степен на учество во носење на локалните одлуки

Треба да се напомни дека независно што со отпочнување на процесот на децентрализација е укинат правниот статус на месните заедници како правни лица, сепак, не смее да се занемари нивното големо значење како примарна клетка на локалната демократија.

## 3.Анализа на состојба

Општина Делчево е населено место кое се протега на површина од 423м2 и со надморска висина од околу 700 м.Се наоѓа на североисточниот дел на Република Северна Македонија сместена во котлината Пијанец и се протега по горниот тек на реката Брегалница.На југ се граничи со Општините Пехчево и Берово на запад со Општина Виница на северозапад со Општина Македонска Каменица а на исток и северо-исток со Република Бугарија.Просечната годишна температура изнесува 10,7 степени целузусови.

Вкупниот број на население во Општина Делчево е 14.825 жители(Попис во Република Северна Македонија 2021година) од кои 7.529 жители се мажи и 7.296 се жени.

Според националната структура вкупно попишани Македонци се 13.099 жители од кои 7230 лица се мажи и 5170 лица се жени,Албанци се вкупно 27 жители од кои 5 лица се мажи и 22 лица се жени,Турци се 129 жители од кои 70 лица се мажи и 59 лица се жени,Роми се 499 жители од кои 254 лица се мажи и 245 лица се жени,Власи се 5 жители од кои 3 лица се мажи и 2 лица се жени,Срби се 11 жители од кои 6 лица се мажи и 5 лица се жени,Бошнаци се вкупно 2 жители од кои 1 лице е маж и 1 лице жена,Други неспомнати се 137 жители од кои 76 лица се мажи и 61 лице е жена,Не се изјасниле 3 жители од кои 2 лица се мажи и 1 лице жена и Непознато се вкупно 8 жители од кои 3

лица се мажи и 5 лица жени.
Според старосната структура под 19 години се 4.470 лица,од 19-60 години се 10.383 лица, над 60 години се 2.652 лица.

Во период од месец декември 2025 година,месец јануари и февруари,2026 година со задолжение на Градоначалникот на општина Делчево се формира Комисија за спроведување на постапката за избор на членови на Советите на месните и урбаните заедници на Советите на територијата на општина Делчево со архивски број
08-2698/2 од 26/11/2025 година.

До 10 февруари,2026 година се формирани вкупно осум(8) урбани заедници и тоа:Први реон,Втори реон,Трети реон,Стар расадник,Милково Брдо,Ново делчево и Басарица,Звегорска река и дваесет(20) месни заедници и тоа:с.Стамер, с.Град, с.Вирче, с.Тработивиште,с.Разловци,с.Нов истевник,с.Стар Истевник, с.Габрово, с.Звегор,с.Очипала,с.Полето,с.Драмче,с.Илиово,с.Бигла,с.Вртиславци,с.Ветрен, с.Чифлик,с.Косово дабје,с.Турија и с.Селник.

До Советот на Општина Делчево до крај на месец Април,2026 година во подготовка е иницијатива за формирање на Урбаната заедница Пролет.

Во периодот од месец декември,2026 година до месец февруари формирани се вкупно 28 месни и урбани совети.На состаноците за формирање на советите земаа учество 372 мажи и 29 жени .

Изберени се вкупно 15 жени членки на Советите на месните и урбаните заедници.

Вкупно се избрени 3 жени претседателки и тоа во месната заедница с.Вртиславци и урбаната заедница Ново Делчево и Басарица.

## 4.Развојни приоритети и цели

Во ова Програма се дефинираат повеќе приоритети поврзани со месната самоуправа кои треба да придонесат за унапредување на истата и тоа во следните области:
*комунални дејности(снабдување со вода за одведувањето на отпадните води,
одржување на хигиената на зеленилото,изградба и одржување на патната мрежа,уредувањето и одржувањето на гробиштата во селата);
*заштита на животната средина(заштита од загадување на водата,воздухот и почвата,заштита од прекумерна бучава идр);
*урбанистичко уредување на просторот;
*јавниот превоз на патници;
*образованието,здравство и социјална заштита;
*културни,забавни и спортски манифестации и одржување на објектите од јавен интрес;
*развивање на добрососедските односи;
*снабдување со стоки и услуги како и заштита на потрошувачите;
*други прашања од секодневно знаќење за животот и работата на граѓаните;

Преку состаноците на Советите на месните и урбаните заедници се утврдени приоритети кои се предвидени за реализацијата во годишните програми кои ги подготвиле Секторот за урбанизам,заштита на животната средина , комунални дејности,сообраќај и ЛЕР,Одделението за правни и општи работи и јавни дејности и Секторот за финасиски прашања.

5.Проектни активности на урбаните и месните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година

5.1.Проектни активности финасирани од Буџет на Општина

| | МЗ или УЗ | Приоритетна област | Активност | Индикатори | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| | ПРВИ РЕОН | Заштита на животната средина | -уредување на површината на Манастирот Ветровит рид со украсни дрвја | -број на засадени украсни дрвца | 4.000,00МКД |
| | | Урбана опрема | -изградба на настрешница на Манастирот Ветровит рид | -изградена настрешница | 6.000,00МКД |
| | | Зачувување на културните вредности | -уредување на простор кај Стара црква наменет за Драмечки војводи | -уреден простор | 30.000,00МКД |
| | ВТОРИ РЕОН | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаната заедница | -прослава за Бадник | -број на присутни жители | 5.000,00МКД |
| | | | -прослава за Стара Нова Година | -број на присутни жители | 5.000,00МКД |
| | | Инфраструктура | -санација на детско игралиште кај старо Пожарно | -санирано игралиште | 30.000,00МКД |
| | ТРЕТИ РЕОН | Инфраструктура | -поставување на ограда од патеката која води кон улица Острец | -изработена ограда во метри должина | 10.000,00МКД |

| | МЗ или УЗ | Приоритетна област | Активност | Индикатори | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| | СТАР РАСАДНИК | Инфраструктура | -санација на детско игралиште кај стара Чачкалница | -санирано игралиште | 10.000,00МКД |
| | | Инфраструктура | -изградба на пешачка патека помеѓу гаражи на улица Моша Пијаде и Кузман Јосифовски Питу во површина од 160м2 | -изградена пешачка патека | 90.000,00МКД |
| | МИЛКОВО БРДО | Инфраструктура | -санација на детско игралиште на улица Григор Прлчев | -санирано игралиште | 30.000,00МКД |
| | НОВО ДЕЛЧЕВО | Инфраструктура | -санација на детско игралиште | -санирано игралиште | 10.000,00МКД |
| | | Инфраструктура | -санација на тениско игралиште | -санирано игралиште | 3 30.000,00МКД |
| | ЗВЕГОРСКА РЕКА | Инфраструктура | -санација на детско игралиште | -санирано игралиште | 10.000,00МКД |
| | С.СТАМЕР | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на месната заедница | -прослава за соборниот ден 14-ти Мај | -број на присутни жители | 5.000,00МКД |
| | | | -мемоdo ријален турнир Дени 2-ри Август | -број на присутни жители | 5.000,00МКД |
| | С.ГРАД | Инфраструктура | -настрешница на постоечка автобуска постројка | -изградена настрешница | 10.000,00МКД |
| | С.ВИРЧЕ | Зачувување на традиционалните вредности и | -прослава за Ѓурѓовден | -број на присутни жители | 5.000,00МКД |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сплотување на жителите на месната заедница | -прослава за Илинден | -број на присутни жители | 5.000,00МКД |
| | **МЗ или УЗ** | **Приоритетна област** | **Активност** | **Индикатори** | **Буџет** |
| | С.ТРАБОТИВИШТЕ | Инфраструктура | -уредување и покривање на просторот околу Фонтаната | -уредена фонтана | 10.000,МКД |
| | | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на месната заедница | -манифестација Зелкаријада | -одржана манифестација -број на гости -број на штандови | 6.000,00МКД |
| | | | -турнир во мал фудбал Никола Малешевски | -број на пријавени екипи -број на присутни жители | 6.000,00МКД |
| | С.НОВ ИСТЕВНИК | Инфраструкура | -доизградба на селска црква | -доизградена селска црква | 10.000,00МКД |
| | С.СТАР ИСТЕВНИК | Инфраструктура | -санација на селска чешма | -изчистена чешма -уредена чешма | 10.000,00МКД |
| | С.ГАБРОВО | Инфраструктура | -санација на пропусти | -број на пропусти | 10.000,00МКД |
| | С.ЗВЕГОР | Заштита на животната средина | -чистење на депонијата кај резервоар за вода | -исчистена депонија | 5.000,00МКД |
| | | Јавно осветлување | -осветлување на пешачка патека кон село Звегор | -осветлена пешачка патека | 30.000,00МКД |
| | | Комунални работи | -мапирање на улици и куќни броеви | -изработена мапа за улици и куќни броеви с.Звегор | 60.000,00МКД |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | С.ОЧИПАЛА | Заштита на животната средина | -уредување на дворот на Црквата | -број на поставен корпи за отпадоци<br>Број на поставени клупи | 10.000,00МКД |
| | **МЗ или УЗ** | **Приоритетна област** | **Активност** | **Индикатори** | **Буџет** |
| | С.ПОЛЕТО | Инфраструктура | -санирање на стариот пат наречен Брестини со бехатон плочки | -санирана површина со бехатон плочки | 60.000,00МКД |
| | С.ДРАМЧЕ | Комунални работи | -спроведување на вода од Јазива чука до Манастир | -спроведена вода во должина од 1.500 метри | 6.000,00МКД |
| | | Инфраструктура | -уредување на Драмечка чешма со бекатон плочки | -бекатон плочки од 15м2 | 12.000,00МКД |
| | С.ИЛИОВО | Заштита на животната средина | -чистење на селските гробишта | -исчистени селски гробишта | 10.000,00МКД |
| | С.БИГЛА | Инфраструктура | -санација и реконструкција на просториите на месната заедница | -санирана просторија<br>-набавен мебел | 12.000,00МКД |
| | С.ВРТИСЛАВЦИ | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на месната заедница | -организирање на Петковден | -број на жители | 10.000,00МКД |
| | С.ВЕТРЕН | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на месната заедница | -организирање на Петковден | -број на жители | 6.000,00МКД |
| | | Инфраструктура | -доизградба на просторија за МЗ во црковниот двор | -изградена просторија за МЗ | 20.000,00МКД |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | С.ЧИФЛИК | Инфраструктура | -изградба на селска чешма | -изградена селска чешма | 12.000,00 |
| | **МЗ или УЗ** | **Приоритетна област** | **Активност** | **Индикатори** | **Буџет** |
| | С.КОСОВО ДАБЈЕ | Инфраструктура | -да се обезбедат две водопропусни цевки со пречник од 400 мм во должина од 5 метри за пропус на м.в.Чопанов ендек | -метри должни на цевки | 6.000,00МКД |
| | С.ТУРИЈА | Урбана опрема | -изградба на настрешница до старо училиште кое се користи како селска зграда | -изградена настрешница | 15.000,00МКД |
| | С.СЕЛНИК | Инфраструктура | -довод на вода од селскиот водовод во должина од 2000 метри | -должина на метри на совод на вода | 10.000,00МКД |
| | | Инфраструктура | -опесочување на патот кон училиштето | -опесочен пат | 6.000,00МКД |
| | | | | **Вкупен буџет** | **627.000,00** |

## 5.2.Дополнителни активности

Општина Делчево има обезбедно 100 сада за селектирање на пластичен и картонски отпад. За таа цел во зависност од потребите на месната и урбаната заедница Општина Делчево по основ на барање и даден на реверс ќе им додели садови за користење.

## 6.Очекувани резултати

Со реализацијата на програмските активности ќе се подобри квалитетот на живење на мажите и жените во месните и урбаните заедници.

## 7.Ризици

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да има влијае на постигнување на целите на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик. Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничко за сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност.“

## 8.Финасирање

Програмските активности ќе бидат финасирани од Буџетот на Општина Делчево по доставени барања со пропратната документација за еднократна помош за урбаните и месните заедници согласно Правилникот за утврдување на критериумите,условите и постапката за доделување на еднократна паришна помош.
Исто така дел од програмските активности ќе се финасираат и од Програма Д10-Градоначалник.
Вкупниот Буџет за реализација на ПРОГРАМА за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година  изнесува 627.000,00МКД.

## 9.Завршни одредби

ПРОГРАМАТА  за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година  влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-868/1
12.03.2026
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски

ОПШТИНА- ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2026-
Делчево, март 2026 г.

**17.**Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/02 и „Сл. Весник на РСМ" бр.84/20 и 202/24), член 7, точка 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 15, став 1 точка 5 и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на 7-та Седница, одржана на 12.03.2026 година ја донесе следната

## ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2026

### I ВОВЕД

Со донесувањето на системските закони за локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност што се однесува на задоволувањето на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните установи од областа на културата и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ги откриваат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што го прават културниот живот во општината побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

Во Општина Делчево активно функционираат неколку установи од областа на културата, како и здруженија на граѓани, па Програмата која со години station наназад ја подготвува Комисијата за организирање настани и културни манифестации има за цел да ги обедини настаните од културата, да ја поттикнува соработката меѓу институциите и да донесе поголема вредност и значење на настаните во интерес на сите старосни групи граѓани водејќи сметка за потребите и на жените и на мажите и на момчињата и на девојчињата.

Предмет на оваа Програма се настаните и активностите кои ќе се преземаат од Општина Делчево на полето култура во текот на 2026 година.

### 1.1 Појдовна основа на Програмата за одбележување настани и културни манифестации

- Врз основа на членот 22 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ"бр 5/2002) во која се пропишани надлежностите на локалната самоуправа на полето на културата, во смисла институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето разновидни специфични форми на творештво;

- член 15 точка 5 од Статутот на Општина Делчево („Сл. гласник на Општина Делчево" бр. 07-2791/1 од 2013)

- Законот за еднакви можности („Сл. весник" бр. 201/15);

- Стратегија за родова еднаквост во регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023/26;

- Правилникот за начинот, условите, кретириумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево 1/18 и 7/21);

- ➢ Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (09-333/1 од 23.02.2018 година).

- ➢ Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување еднократна парична помош („Сл. гласник“ на Општина Делчево бр. 1/23).

### 1.2 Целни групи и крајни корисници

**Намена**

Програмата ги таргетира жените, мажите, момчињата и девојчињата од Општина Делчево. Преку активностите и проектите предвидени во Програмата се опфаќаат и граѓанските организации што придонесуваат во развојот на инклузивниот процес за вклученост во процесот на одлучување. Програмата предвидува и директна соработка со граѓанските организации, како и соработка, обединување и поддршка на сите локални институции кои работат на полето култура.

**Крајни корисници**

- Сите граѓани на Општина Делчево, жени, мажи, момчиња и девојчиња
- Локални и национални институции од областа на културата
- Граѓански здруженија од областа на културата
- Тур-оператори
- Туристи

### 1.3 Програмата е флексибилен документ

Програмата претставува програмска рамка според која ќе се постапува со планирањето, организирањето на настаните и е флексибилен документ кој може да се надополнува со цел ефектна реализација и подобра понуда од областа на културата за граѓаните на Делчево како и конципирање на Програмата во функција на Локалниот економски развој и туристичката понуда на Делчево.

### 1.4 Одговорни за реализација на Програмата

Одговорни за реализација на Програмата се:

- Одделението за општи и правни работи и јавни дејности,
- Одделение за Локален економски развој, превенција и спасување со кризна состојба, заштита и спасување
- Комисијата за организирање настани и културни манифестации при Општина Делчево

Програмата ќе се реализира во соработка со НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ од Делчево, ЈЛБ „Илинден“, здруженија на граѓани, Министерството за култура на РСМ, индивидуални културни дејци и бизнис- секторот.

## II ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### 2.1 Општа цел на Програмата

Да се обезбеди активен однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата и приближување на културата до сите жени, мажи, девојчиња и момчиња од Општина Делчево, а настаните и манифестациите од областа на културата се во функција на туристичка понуда од регионот.

### 2.2 Специфични цели

- ➢ Трансмисија на врвни културни вредности на територијата на Општина Делчево за зголемена препознатливост на Општина Делчево како културно-забавен центар во државата и странство;

- Негување, развој и афирмирање на културно-социјалниот живот за сите граѓани на општина Делчево
- Поддршка, развој и афирмирање на локалното материјално и духовно културно наследство и творештво на Делчево, градење на локален културен идентитет.

## III АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

### Општи предуслови

Правото на култура е човеково право утврдено во меѓународното право и во домашното право во Република Северна Македонија. Како и за другите права, така и за ова, стожерен принцип што се применува е принципот на еднаквост и недискриминација, како и принципот на учество/партиципативност.

Тргнувајќи од овие постулати, Општина Делчево во изминатите години вложува сериозни напори во реализација на настани од областа култура, како и за одбележување на историски значајни личности и настани кои традиционално се реализираат во Општина Делчево.

Во Делчево успешно работат две институции од областа на културата: НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" и ЈЛБ „Илинден" кои со своите активности и проекти го збогатуваат културниот живот на граѓаните и на граѓанките. Исто така, во своето поле на делување се истакнуваат две фолклорни друштва, како КУД „Гоце Делчев" и ЗФГ „Копачка" чии проекти се значителни за сочувување на фолклорот и на традицијата и промоција на живото културно наследство во државава и во светот.

3.1. **НУЦК „Никола Јонков Вапцаров"**е институција чија основна дејност е од областа на културата и од национален интерес.

3.1.1.Дејности на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" Делчево

- Врши програмско и функционално поттикнување и развој на културата;
- Го поттикнува творештвото на децата и младите, со посебен акцент на културно-уметничкиот аматеризам;
- Врши систематско истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и проучување, заштита, чување, објавување и презентирање на движното културно богатство, предмети и експонати;
- Врши објавување на културно-уметнички дела;
- Го зачувува и негува автентичното фолклорно богатство;
- Врши претставување на музичките, музичко сценските, ликовните, театарските, литературните, филмските и уметничките творења.
- Се грижи за унапредување на културно-забавните активности;
- Се грижи за усовршување на стручните кадри;
- Соработува со разни институции од земјата од областа на културата и со здруженија и невладини организации со кои остваруваат и реализираат проекти од областа на културата и уметноста;

Во состав на Националната установа Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров" од Делчево се организира и подружница под назив:
Подружница „Спомен Дом Разловечко востание", со седиште во с.Разловци, Општина Делчево.
Подружницата врши дејности од областа на културата, истражување и презентација на историското и културно наследство поврзано со Разловечкото востание.

3.1.2.**Дополнителни дејности на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" Делчево**

- Установата врши и музејска дејност согласно Законот за култура, која вклучува прибирање, чување, обработка, изложување и презентација на предмети и презентација од културно- историско значење.
- Дејности на музеи, збирки, историски локалитети и споменици на културата (шифра 91.2)
- Прикажување на филмови (шифра 59.14)
- Помошни дејности во изведувачката уметност (шифра 90.02)
- Уметничко творештво (шифра 90.03)

3.2. Јавната локална библиотека „Илинден" е правно лице, локална установа од областа на културата со непрофитна цел, со права, одговорности, овластувања и обврски кои ги има врз основа на Законот и Статутот на ЈЛБ „Илинден" Делчево.

Основните дејности на библиотеката се:

- набавување, истражување, собирање, стручно обработување и проучување, заштитување, чување, објавување, информирање, презентирање и давање на користење библиотечен материјал;
- промовирање и афирмирање на библиотечниот материјал, движно културно наследство, преку изложби, предавања, литературни читања, семинари и курсеви и други форми на дејствување;
- обезбедување услови за користење и научно и стручно проучување на библиотечниот фонд;
- издавање стручни публикации, каталози, водичи и друг информативен материјал;
- водење влез на евиденција, инвентарна книга и друг вид едукација и документација;
- подготвување на библиотечни каталози, база на податоци, картотеки и нивно одржување;
- стручна обработка и чување на роднокрајниот библиотечен материјал од локално значење;
- вршење на библиографско-информациска и документациска дејност;
- следење на состојбите и нудење стручна помош на училишните библиотеки;
- стручно усовршување на библиотечните кадри;
- позајмување и размена на библиотечен материјал од други библиотеки;
- грижа за правилна примена на техничко-заштитните мерки зачување и одржување на библиотечниот материјал;
- маркетиншко афирмирање на библиотечното работење;
- учество во одржување на националната заемна библиографска база на централните каталози и бази на податоци;
- задоволување на културните потреби на пошироката јавност;
- придонес за унапредување на стручната и научно-истражувачката работа, за развој на образованието, културата, науката и други дејности;
- развивање на интерактивна комуникација со корисниците заради користење и популаризација на публикациите и другиот информативен материјал;
- вршење и други услуги со информации во електронска форма;
- вршење издавачка дејност, печатење и услужни активности.

3.3. **Комисија за култура на Општина Делчево** е меѓуинституционално работно тело формирано со решение од страна на Градоначалникот на Општина Делчево кое ја спроведува Годишната програма за култура на Општина Делчево.

Комсијата брои 9 членови и во неа членуваат претставници од општинската администрација, претставници од институции кои работат во областа култура, претставници од образовните институции.

Комисијата има назначено претседател кој е задолжен да ја свикува Комисијата на состаноци со однапред утврден дневен ред пред одржување на секој настан/манифестација. Претседателот на Комисијата е должен за работењето на Комисијата да доставува месечни извештаи до Градоначалникот на Општината и до раководителот на Одделението за правни и општи работи

Комисијата има за задача да ги организира настаните и културните манифестации на Општината, да ја подготвува годишната програма за култура и извештајот за реализација на програмата од областа на културата за претходната година. Комисијата е должна да изработи и календар на настани којшто ќе е составен дел од годишната програма за култура.

Комисијата треба да одржува редовни состаноци пред секој настан предвиден во Календарот на настани, да ги подготвува програмите/сценаријата за настанот, да испраќа информации до локални, регионални и национални медиуми и по потреба да вклучува надворешни членови и стручни лица од областа во која се организира настанот.

## IV Трендови во културата

Според новите концепции културата се третира како развој. За да може културата да го облагородува и да го подига квалитетот на живот, за да биде елемент и орудие на општествениот развој, неопходно е самата постојано да се ревитализира и да се развива, за да може да обезбеди духовна и економска репродукција. Културата и творештвото не можат во целост да ја обезбедуваат својата економска репродукција на пазарот. Прво, заради тоа што голем број културни дејности (заштита на спомениците на културата, библиотекарство, кинотична и музејска дејност) по својата природа се непрофитни и второ, нашиот пазар е мал и ограничен и не може од продажба на културни производи да се оствари доволен профит кој би ја обезбедувал економската репродукција на културата.

Проширувањето на подрачјето на културата ќе се одвива и низ развојот на културниот туризам. Со културниот туризам се афирмира и промовира културното наследство на домашната и на странската публика, а поврзувајќи се со една економска дејност, културата ќе остварува финансиска добивка, ќе се потпомага себеси и својот развој, а ќе се остварува и меѓународната афирмација на земјата и општината. Ќе се создадат услови кои ќе го олеснат социо-економскиот развој на нашата општина, преку искористување на културното наследство, а ќе се создадат економски гранки кои ќе се базираат на културата, ќе се зголеми ефикасноста на локалната власт – општината во управувањето со културното богатство, преку воспоставување заеднички активности, здружување и партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор, што ќе создаде соодветни локални и развојни стратегии, развивање менаџмент на локално ниво, подобрување на состојбата и презентацијата на културата и културното богатство.

### 4.1. Основен принцип

Главен принцип за спроведување на Годишната програма за култура на Општина Делчево е принципот на **сопствен одржлив развој**. Затоа покрај елементите коишто ја чинат културата како посебна јавна дејност, неминовно е поврзана со економската активност и создавање дододена економска вредност за локалната заедница.

### 4.2. Специфични принципи

- Институционална грижа за зачувување на традицијата и културните вредности на општина Делчево;
- Професионализација на културата;
- Охрабрување на културниот аматеризам;

- Институционална поддршка на културниот развој и афирмација на роднокрајните културни вредности и творештво во општина Делчево;
- Реализација на врвни културни настани и содржини за публиката во Делчево;

- Инклузивност, интер-општествена соработка и трансфер на знаења и вештини;

Искористувањето на културата како ресурс за развој, претпоставува дека таа нема да се однесува само на интимниот свет на уметноста. Со оваа програма културата во Општина Делчево добива значаен општествен удел во јавниот живот и во севкупниот квалитет на живеење на граѓаните на општината.

Економската основа и материјалните претпоставки на културниот развој ќе се прошируваат и со обезбедување вонбуџетски извори на финансирање: успешни домашни и странски компании, меѓународни фондации што финансираат културни проекти, спонзорства.

## V ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

### 5.1. Опфат на дејности

Општина Делчево со оваа Програма ќе поддржи манифестации и проекти кои се во функција на развој, промоција и афирмација на културата во општината, поделени во следниве групи на дејности и области:

а) Музичка и музичко – сценска дејност преку настани, манифестации и фестивали од областа на културата;

б) Ликовна уметност, архитектура, мода, уредување на просторот и визуелни уметности (видео, фото, филмска уметност);

в) Интердисциплинарни мултимедијални проекти;

г) Литературна дејност, драмска дејност и ораторство;

д) Традиција, стари занаети и фолклор;

ѓ) Археологија и музејска дејност;

е) Туризам (културен туризам, верски туризам, природен туризам, гастрономски туризам, здравствен туризам, рекреативен туризам итн);

ж) Медиумска застапеност

### 5.2. Просторни капацитети и локации за иплементација на програмата

- Концертна сала во Спомен дом АСНОМ;
- Градска кино сала во Делчево;
- Фоаје во Спомен дом АСНОМ;
- Летна сцена во Градски парк во Делчево;
- Летна сцена на врв Чавка на планината Голак;
- Спортска сала при СОУ „М.М.Брицо" Делчево;
- Спортска сала при ООУ „Св. Климент Охридски" Делчево;
- Спортска сала при ООУ „Ванчо Прке" Делчево;
- Конгресна сала при СОУ „М.М.Брицо" Делчево;
- Сала при ООУ „Ванчо Прке" Делчево;
- Мултифункционален центар во Спомен дом АСНОМ;
- Летна сцена пред Градска црква „Пресвета Богородица" Делчево
- Плато пред Споменик на паднати борци од НОВ и ПОМ;
- Плато пред Споменик на Гоце Делчев пред Соборна црква „Св. Кирил и Методиј" во Делчево;
- Спомен дом на Разловечко востание во село Разловци;
- Останати јавни површини и јавни објекти во руралните населени места

## 5.3 Протокол за спроведување настани

1. Комисијата за одбележување настани и културни манифестации има обврска пред секој настан да одржи состанок на покана на претседателот на Комисијата со предложен дневен ред;
2. Комисијата на состанокот треба да ги дефинира предлог-учесниците, предлог-програмата на настанот/манифестацијата, да подготви предлог-сценарио за програмата и да го информира градоначалникот и лицата задолжени за односи со јавност;
3. Комисијата на состанокот треба да ги распредели задачите/обврските на соодветните службеници, партнерите за реализација на настани од културата НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ , ЈЛБ „Илинден, здруженија од областа на културата и образовните институции и градинката за реализација на настанот/манифестацијата;
4. За организација на поголеми настани, на предлог на Комисијата за култура, градоначалникот со Решение формира работна група за спроведување активности со конкретно дефинирани обврски на членовите.
5. Комисијата обезбедува соодветна опрема за реализација на настанот/манифестацијата (опрема за озвучување, осветлување, штандови, тезги и др. реквизити, столчиња за публика и сл.);
6. Пред одржување на настанот/манифестацијата, Комисијата има обврска да одржи завршен состанок на кој ќе се дефинира финалната програма и сценарио и да ја достави до градоначалникот, лицата за односи со јавност.
7. При ангажирање на изведувачи- артисти за одредени културни манифестации по предлог на Комисијата за Култура, Општина Делчево склучува Договор за соработка/услуга со изведувачите, со кој се јасно дефинирани целите, задачите и средствата на двете страни што го потпишуваат.
8. Доколку на настанот/манифестацијата е предвидено доделување награди, Комисијата задолжително врши избор и доставува предлог за доделување награди до градоначалникот на Општината врз чија основа, градоначалникот доделува решенија за награди.
9. Комисијата за својата работа на состаноци изготвува записници кои потоа се архивираат.

## 5.4 Активности и манифестации

### 5.4.1 Бадникова поворка- се одржува на 6 јануари.

Општина Делчево дава поддршка за организација на традиционалната Бадникова поворка која се одржува по повод православниот празник Бадник и во пресрет на христијанскиот празник Божиќ. Организатор на на Бадниковата поворка во која учествуваат деца од основните училишта е на Црквата „Успение на Пресвета Богородица“ .

**Активности**

-Изработка на плакати

- Општина Делчево подготвува новогодишни пакетчиња за сите дечиња кои учествуваат во Бадниковата поворка

**Учесници**

Ученици од основните училишта

**Локација**

Бадниковата поворка започнува од градската црква, па продолжува по улиците во центарот на градот.

**Датум:** 6 јануари 2026

5.4.2 Народен обичај „Ѕвегорска сурова“

Општина Делчево дава поддршка за реализација на традиционалниот обичај под маски „Сурова“ во делчевски Ѕвегор. Целта е овој обичај да се промовира, да се спакува како туристичка понуда од Општината, но и почитување на живото културно наследство во Пијанец. Поддршката се дава согласно со Правилникот за начинот условите за доделување еднократна парична помош во делот за урбани и месни заедници и согласно со оваа Програма.

**Активности:**

- Изработка на плакати;
- Поддршка за набавка нови маски и организација за свечениот ручек на учесниците на настанот.

**Учесници:**

- Локална група-суроваскари
- Групи под маски од соседните држави
- Жители на с. Ѕвегор и Делчево
- гости

**Локација-** село Ѕвегор

**Датум: 14 јануари- ден Василица**

5.4.3 Водици

По повод верскиот празник „Водици“ и традиционалното осветување на водите на река Брегалница, традиционално се организира свечен настан во организација на Делчевско-каменичката епархија покрај реката Брегалница во центарот на Делчево. Настанот собира илјадници луѓе, а традиционално по светиот крст се фрлаат во река триесетина момчиња. Согласно Правилникот за доделување награди и признанија, градоначалникот доделува 10.000 денари за највештиот фаќач на светиот крст.

**Учесници:** претставници од Општина Делчево, граѓани на Делчево

**Место на настанот:** мост на река Брегалница во центарот на Делчево

**Датум: 19 јануари- Водици**

5.4.4 Почеток на манифестација „Денови на Гоце Делчев“

Општина Делчево ја организира меѓународната манифестација „Денови на Гоце Делчев“ со кој ќе се оддаде почит и ќе се афирмира ликот и делото на Делчев. Манифестацијата е поделена во два дела и започнува со денот кога се одбележува раѓањето на Делчев на 4 февруари, а завршните денови се планираат за почетокот на јуни месец. Оваа манифестација ќе ги поттикне и обедини локалните, националните, но и светските уметници, артисти, образовните институции во градот државата и пошироко, како и научниците од најразлични области, да творат и да настапуваат на сцена во Делчево со што се промовира и афирмира придонесот на Делчево во зачувување и афирмирање на ликот и делото на патронот на градот Делчев.

1. **Одбележување годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер и идеолог Гоце Делчев-патрон на Делчево**

**Датум : 4 февруари, ден на раѓањето на Гоце Делчев**

Активности по повод 4 февруари, ден на раѓањето на Гоце Делчев

- Полагање свежо цвеќе пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на Делчево по повод годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев;
- Реферат во чест на Гоце Делчев-подготвен од КУД „Гоце Делчев“;
-конкурс на литературни творби
-изложби на ликовни творби
-историски час
-концерти

**Учесници на настанот**: претставници од Локалната самоуправа, Совет на Општина Делчево, претставници на политички партии, институции, здруженија на граѓани; ученици од образовните институции, научници, артисти.
**Место на настанот**: споменик на Гоце Делчев во центарот на градот Делчево/ Спомен-дом АСНОМ

2. **Полагање свежо цвеќе пред гробот на Гоце Делчев во црквата „Св. Спас“ во Скопје**

**Учесници:** Делегација од Општина Делчево
**Место на настанот:** црква „Св. Спас“ во Скопје

**5.4.5. Февруарски поход**

По повод одбележување годишнина од тактичко-оперативните дејства на Народноослободителната војска на Македонија познати како Февруарски поход, а спроведени на територијата на источна, централна и западна Македонија, опфаќајки ја и планината Голак, како стратешка позиција, Општина Делчево традиционално организира настан со кој оддава почит и признание за жртвата на храбрите борци и нивното наследство потенцирајќи го успешното изведување на Февруарскиот поход кое имало големо политичко и воено значење за НОВ во Македонија, воопшто.

**Активности по повод одбележување годишнина од Февруарскиот поход:**

- Планинарски марш „По врвиците на Февруарскиот поход на Голак“
- Полагање свежо цвеќе пред спомен-плочата поставена на Голак
- Реферат за улогата и значењето на Февруарскиот поход
- Доделување благодарници за учество на планинарскиот марш;
- Акција за засадување садници

**Опис:** По повод Февруарскиот поход, Општина Делчево традиционално организира планинарски марш „По врвиците на Февруарскиот поход“ на која учество земаат планинарски друштва од регионот, како и претставници на институции, здруженија на граѓани и физички лица од Делчево и од соседните општини. Пред спомен-плочата поставена на планината Голак, се оддава почит на загинатите борци.

**Учесници**

- Претставници на Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, институции, здруженија на граѓани, ЛМС, граѓани.

**Место на настанот-** Спомен-плоча на планината Голак

**Датум: Февруари, втората половина од месецот**

**5.4.6. Одбележување на светиот месец Рамазан**

По повод светиот месец Рамазан, кој годинава се одбележува во месеците февруари-март, традиционално Општина Делчево организира настан со цел да го испочитува верскиот празник на муслиманската заедница, да се придонесе градење на соживотта, меѓусебната почит и општество каде секој граѓанин е важен.

Активности

-организирање средби со Џамискиот одбор во Делчево
-организирање ифтарска вечера
-организирање хуманитарни акции

Учесници

Претставници од Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од Џамискиот одбор во Делчево и од заедницата, политички партии, здруженија на граѓани

Локација

Градска Џамија

Датум февруари-март 2025

### 5.4.7 Денови на пијанечкиот мед

Во соработка со Здружението на пчелари „Пијанечка пчела 2", Општина Делчево организира манифестација „Денови на пијанечкиот мед" коишто започнуваат на почетокот на месецот март и ќе траат во текот на целата година. Целта е промоција и афирмација на пијанечкиот мед како квалитетен и чист еколошки производ. Настаните ќе се одвиваат под мотото „Јади го медот како храна, за да не го јадеш како лек".

Активности

-предавања за значењето на медот во образовните институции
-организирање предавања за заштита на пчелите
-засадување на медни дрва
-организирање на саем на медот

Учесници

Пчелари, заинтересирани граѓани, ученици, претставници од Општина Делчево

Локација

Училишта, спомен-дом АСНОМ

Датум од 1 март 2026

### 5.4.8. Априлијада

Традиционално на 1 април, Меѓународниот ден на шегата, Општина Делчево во партнерство со образовните институции од градот и детската градинка, организира дефиле под маски. Настанот има ревијален карактер.

Активности

- организирање дефиле низ улиците во центарот на градот
- на летната сцена настап на групните и поединечните маски
- обезбедување озвучување и забава на отворено

Учесници– ученици од образовните институции од градот и децата од детската градинка „Весели цветови“

Локација- пред летната сцена

Датум 1 април

5.4.9 Меѓународен ден на Ромите, 8 Април

Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април е ден со кој се прославува ромската култура, но и се подига свеста за проблемите со кои се соочуваат Ромите. Денот службено бил прогласен во 1990 година, а Општина Делчево во соработка со граѓанските здруженија традиционално организира настани во чест на празникот на Ромите. Целта на настаните организирани по повод 8 Април е подигнување на свесноста и потсетување на долгогодишната борба за подобар и подостоинствен живот на Ромите.

Датум: 8 Април

Активности:
- Свечен прием на делегација кај градоначалникот на Општна Делчево
- Истакнување на ромското и македонскот знаме пред Општина Делчево поповод празникот
-Литературен конкурс за творби
- Дебата помеѓу средношколци на актуелни тема
- Свечена академија

Учесници: Претставници од Општина Делчево, Совет на Општина Делчево, ЈЛБ „Илинден“, НВО КХАМ, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, СОУ „М.М.Брицо“; гости: претставници од Владата на РСМ, претставници од политички партии и здруженија на граѓани, локални институции, фирми и граѓани на Делчево, ученици, кутурно уметнички друштва, музички бендови...

Место на настанот : Општина Делчево, Спомен- дом АСНОМ

5.4.10. Традиционална манифестација Велигденски празнувања

Велигденска изложба

Датум: Велики четврток

По повод големиот верски празник Велигден, Општина Делчево традиционално организира „Велигденска изложба“ на која се анимираат за учество училишта, институции, здруженија на граѓани, граѓани. Со цел да се поттикне креативноста на учениците и воопшто, на учесниците, Општина Делчево доделува три награди на најдобрите декорации. Оценувањето го врши Комисија избрана од

Комисијата за организирање културни настани и манифестации. Комисијата доставува предлог за доделување награди до градоначалникот на Општината врз чија основа, градоначалникот доделува решенија за награди. Настанот има продажено-хуманитарен карактер.

Активности

- Избор на најубави велигденски декорации (обоени јајца, цртежи, велигденски декорации на штанд);
- Доделување награди на најдобрите декорации;
- Доделување благодарници на учесниците;
- Хуманитарна продажба на велигденските изработки на штандовите од учесниците;
- Обезбедување озвучување и водител на програма;
- Формирање Комисија за оценување на штандовите за награди;
- Соопштение до медиумите за настанот.
- Информација за настанот до медиумите.

Учесници

- Училишта, градинка, институции, здруженија на граѓани, заинтересирани граѓани.

Место на настанот

- Летна сцена пред Спомен-дом АСНОМ/фоаје на Спомен –дом АСНОМ.

5.4.11. Одбележување годишнина од раѓањето на Љубомир Белогаски –Општина Делчево со почит ќе го одбележува денот на раѓањето на делчевецот Љубомир Белогаски кој е роден на 15 април 1911 година во Делчево. Тој беше истакнат македонски академски сликар и универзитетски професор. Белогаски е најпознат македонски акварелист, основоположник на македонската модерна уметност. Белогаски е еден од претставниците на првата генерација македонски современи сликари и основоположник на македонската современа уметност и врвен мајстор на акварелот.

Активности

-Конкурс на ликовни творби „По делата на Белогаски“

-Доделување награди

-Ликовна изложба

Учесници

Општина Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, ученици од образовните институции во Делчево, ликовни уметници/уметнички

Локација

Спомен-дом АСНОМ

Датум 15 април 2026

5.4.12. Одбележување годишнина од раѓањето на Методи Митевски- Брицо- Методи Митевски – Брицо е истакнат македонски организатор и учесник во НОВ. Роден е на 15 април 1924 година во Делчево, а умира во 1962 година во Охрид. Брицо зазема доста високи функции во Владата на Македонија како секретар, а во 1960 г. е наименуван за државен секретар по земјоделие и шумарство, а истовремено и потпретседател на извршниот совет во Македонија и како член на Полит-бирото ЦК ЦКМ и пратеник на Народното собрание на Македонија. Тој добивал и повеќе ордени меѓу кои најзначајни се: Орден за заслуги за народот од II ред и Орден братство и единстви од II ред. Брицо живеел 38 години од неговиот живот, но целосно поставен за Македонија. Тој

несреќно загинува во водите на Охридското Езеро.Во чест на ликот и делото на Брицо, неговото име го носи делчевскиот средношколски центар.

Активности

-положување свежо цвеќе пред споменикот на Брицо во дворот на СОУ „М.М.Брицо“

-културно-уметничка програма

Учесници

Претставници од Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, здруженија на граѓани, заинтересирани граѓани, политички партии, ученици од СОУ.

Локација

СОУ „М.М.Брицо“

Датум 15 апрл 2026 г

5.4.13. Одбележување годишнина од убиството на Гоце Делчев (Меѓународна манифестација посветена на Гоце Делчев )

Датум 4 мај

По повод 4 мај, ден на убиството на револуционерот Гоце Делчев, 4 мај, Општина Делчево организира настан пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот.

Активности

- Положување букети свежо цвеќе пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на Делчево;
- Реферат за ликот и делото на Гоце Делчев, подготвен од КУД „Гоце Делчев“;
- Историски час
- Изложби
- концерти

Учесници

- Претставници од Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, институции и здруженија на граѓани, ученици од образовните институции и др.

Место

- Пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот
- Спомен-дом АСНОМ

Делегација од Општина Делчево во црквата „Св.Спас“во Скопје

Активност

Полагање свежо цвеќе на гробот на Гоце Делчев во црквата „Свети Спас“во Скопје.

**Учесници:** делегација од Општина Делчево

**Локација**: гробот на Гоце Делчев , црква „Св.Спас“ Скопје

5.4.14 Регионален фолклорен фестивал „Оро се вие покрај манастирот“

По повод верскиот празник Ѓурѓовден, Општина Делчево во соработка со НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ организира Регионален фолклорен фестивал со цел промоција и афирмација на фолклорот и традицијата поврзана со празникот Ѓурѓовден

**Активности**
-настапи на фолклорни друштва од Делчево и од регионот
-благодарници

**Учесници** КУД од Делчево и од регионот, здруженија на граѓани, претставници од Општина Делчево, Советот на Општина Делчево

**Локација** манастир Балаклија

**Датум- 6 мај 2026**

### 5.4.15 Одбележување на Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа

**Датум 9 Мај**

По повод 9 Мај, Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа, Општина Делчево организира пригодна свеченост со цел одбележување на двата значајни настани од поновата историја.

**Активности по повод Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа**
- Полагање свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци во центарот на Делчево;
- Реферат;
- дебати организирани од Советот на млади/ученички парламенти

**Учесници:** претставници од Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, политички партии, граѓански организации, институции, КУД „Гоце Делчев“ од Делчево, образовни институции.
**Локација:** Споменик на паднатите борци во центарот на градот.

### 5.4.16 Одбележување на денот на убиството на народниот херој Ванчо Прке

Ванчо Прке е народен херој во НОБ, а неговото име го носи едно од основните училишта во градот ООУ „Ванчо Прке“.

**Активности**
**Културно-уметничка програма**

**Учесници** ученици и вработени во ООУ „Ванчо Прке“, претставници од Општината и од Советот, институции, политички партии и здруженија на граѓани
**Локација ООУ „Ванчо Прке’**

### 5.4.17 Одбележување 150- годишнина од Разловечкото востание

**Датум 20 мај (или викенд во втората половина од мај)**

По повод одбележувањето на 150-годишнината од Разловечкото востание, Општина Делчево во соработка со НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ организира низа настани во селото Разловци со цел да се

одбележи значајниот датум од предилинденскиот период и од првото вооружено Востание на македонскиот народ кое било организирано од локалните жители на 20 мај 1876 година.

**Активности:**
- Организирање планинарски марш „Разловечко востание";
- Изложба во спомен –домот „Разловечко востание" во Разловци;
- Положување свежо цвеќе пред спомен-плочата на Поп Стојан;
- Културно-уметничка програма;
-историски час
- Доделување благодарници на учесниците
- Ручек за гостите и планинарите.

**Учесници:** Претставници од Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, од локални и национални институции и фирми, НУЦК „Никола Јонков Вапцаров", ЈЛБ „Илинден", претставници од политички партии, граѓански организации, планинарски друштва, соработници на Општина Делчево, образовни институции и граѓани на Општина Делчево и од селото Разловци, поканети гости од претставници од Владата на РМ, гости од соедни општини до Македонија и држави, медиуми.

**Локација**: дворот на црква „Св. цар Константин и царица Елена"и спомен-домот „Разловечко востание" во с. Разловци.

### 5.4.18. Одбележување на 24 Мај-Денот на сесловенските просветители Кирил и Методи

**Опис:** Општина Делчево го одбележува Денот на сесловенските просветители, светителите Кирил и Методиј, 24 Мај, како заштитници на градот Делчево. По тој повод, традиционално се организираат низа настани од областа на културата.

По тој повод, како град што ги слави солунските браќа како свои заштитници, Општина Делчево во својата Годишна програма за култура планира да организира повеќе манифестации со кои ќе се промовира и афирмира делото на сесловенските просветители:

- Организација на концерт (настап на хор, инструменталисти, артисти и сл).;

- Организација на изложба;

- Промоција на книги;

- Во соработка со Делчевско-каменичка епархија ќе се организира Света литија до црквата параклис „Свети Климент Охридски".

-научни трибини

**Учесници:** Претставници од Општина Делчево, членови на Советот на Општина Делчево, претставници од МПЦ-Македонско-каменичка епархија, претставници од политички партии и здруженија на граѓани, научни работници од областа на историјата и филологијата, просветни работници, претставници од институции и фирми и членови на КУД „Гоце Делчев".
**Место на настанот:** Спомен-дом АСНОМ

### 5.4.19 Завршен дел од манифестацијата посветена на Гоце Делчево

Вториот дел од меѓународната манифестација посветена на патронот на градот Гоце Делчев ќе се одржува во периодот од 1 до 10 јуни 2026 г.

**Активности**
-Вечер на староградска музика
-Поп-рок хепенинг „Во Делчево под ѕвездите“

**Учесници**
Групи за староградска музика, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“

**Локација**
Летна сцена пред Спомен-дом АСНОМ

**Датум 1-10 јуни**

### 5.4.20. Одбележување годишнина од Илинденското востание

Општина Делчево традиционално организира активности со цел достојно одбележување на годишнината од Илинденското востание.

**Активности:**
- Изработка на покани;
- Положување свежо цвеќе;
- Реферат;
- Поддршка на одбележувањата на Илинден во с. Ѕвегор (организација на културно-уметничка програма).

**Учесници:** Претставници од Општина Делчево, Совет на Општина Делчево, претставници од политички партии и здруженија на граѓани, локални институции, фирми и граѓани на Делчево.

**Место:** Споменик на Гоце Делчев во центарот на градот и споменик на паднатите борци во центарот на градот; црквата „Св.Илија“ во с. Ѕвегор.

**Датум 2 Август**

### 5.4.21 Делчевско лето (Прв и Втор дел)

Општина Делчево во текот на летниот период и во соработка со други институции, бизнис-заедницата, граѓанскиот сектор, надлежното Министерство за култура, институции и здруженија од областа на културата, ќе организира низа настани од областа на културата со цел да се збогати културната понуда во летниот период при што се очекува присуство на граѓани од Делчево, наши иселеници и граѓани од соседните општини.

**Активности:**
- организирање целовечерни концерти на познати музички ѕвезди од естрадата;

- организирање целовечерен концерт од областа на класичната музика;
- организирање концерти од областа на фолклорот;
- организирање изложби;
- организирање промоции на книги и други дела;
- поддршка на млади уметници и автори;
- изработка на покани;
- изработка на плакати;
- организирање летно кино;
- промоции на културно наследство;
- драмски претстави;
- обезбедување ручек и спиење за гостите.

**Учесници:** музички ѕвезди, музички состави, културно-уметнички друштва, поети, ликовни уметници, солисти, театри и сл.
**Место на настанот**: Летна сцена и Спомен-дом АСНОМ

**Датум од 15 до 10 јули и од 1 до 20 август 2026**

### 5.4.22 Голачки фолклорни средби

**Датум 8 август**

Во пресрет на верскиот празник Свети Пантелејмон, Општина Делчево во соработка со НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и Министерството за култура, ги организира традиционалните „Голачки фолклорни средби“ на летната сцена на врвот Чавка на планината Голак покрај манастирот посветен на Свети Панталејмон или на летната сцена пред Спомен-домот АСНОМ. Настанот се организира во соработка со НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“. За таа цел Општина Делчево ќе потпише договор за соработка со НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, каде ќе бидат дефинира активностите и обврските на Општина Делчево за реализација на манифестацијата.
**Активности**
- Подготовка на покани и плакати;
- Покани до фолклорни друштва од земјава и странство;
- Информација до медиуми;
- Организација на превоз за фолклорните друштва и гостите;
- Озвучување
- Поставување тезги со храна и пијалоци, како и ракотворби
- Сместување на гостите од странство
- Угостителски услуги

**Учесници**
Домашни и странски фолклорни друштва, претставници од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, локални институции, фирми, здруженија на граѓани и граѓани на Делчево и поширокиот регион.

**Место:** Планина Голак, месност Чавка или летна сцена пред Спомен-дом АСНОМ

### 5.4.23 Одбележување годишнина од ослободувањето на Делчево
### Одбележување годишнина од независноста на Република Северна Македонија

**Датум:** 7 Септември, Ден на ослободување на Делчево и 8 Септември, Ден на независноста на Р. Македонија

**Активности:**

- полагање свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот;
- свечена седница на Советот на Општина Делчево;
- прием на делегации кај градоначалникот;
- доделување награди и признанија на заслужни граѓани;
- коктел за гости;
- организирање културно-уметничка програма;
- организирање меѓународни спортски натпревари;
- промоција на авторски дела;

**Учесници:**
Претставници од Општина Делчево и Советот на Општина Делчево, претставници од локални инстутиции, политички партии, здруженија на граѓани, граѓани на Општина Делчево, поранешни градоначалници и претседатели на Советот и советници и др.

**Место: Спомен- дом АСНОМ**

**Споменик на паднатите борци-центар на Делчево**

### 5.4.24 Делчево-фест и Пијанечко-малешевска свадба

**Датум-првата сабота од септември**

Општина Делчево е партнер во традиционалната културна манифестација „Пијанечко-малешевска свадба“ која е дел од меѓународниот фестивал „Делчево-фест“ во организација на КУД „Гоце Делчев“ од Делчево, чија цел е сочувување од заборав на старите свадбарски обичаи и настан кој има регионално значење и е во насока на промоциј на регионот, како и сочувување на традицијата и фолклорот. За реализација на астанот, Општина Делчево потпишува договор за соработка со КУД„Гоце Делчев“ со цел дефинирање на активностите и финансиските средтва за реализација на настанот.

**Активности:**

- организација и подготовка на меѓународниот фестивал „Делчевофест“и на традиционалната свадба;
- подготовка и дистрибуција на покани;
- обезбедување подарок за зетот и невестата на традиционалната свадба;
- прием кај градоначалникот на гостите и сватовите;
- ручек за сватовите и делегациите.
- фотографска и етнографска изложба

- семинар  за фолклорот
- меѓународен фестивал ДЕЛЧЕВО-ФЕСТ

**Учесници**: КУД „Гоце Делчев“ од Делчево, културно-уметнички друштва од земјава и странство, делегации од соседните општини, претставници од Општина Делчево и Советот на Општина Делчево, заинтересирани граѓани, претставници на нво-секторот, бизнис-секторот и др.

**Место на настанот**: летна сцена пред спомен-домот АСНОМ

### 5.4.25. Денови на пијанечката слива

**Датум- средина на септември**

Општина Делчево традиционално го организира настанот „Пијанечки денови на сливата“ со цел промоција на сливата и преработки од сливата, како еден од најзастапените земјоделски производи кај нас.

Манифестацијата ќе се одржува два дена.

Во првиот ден се планира поставување штандови пред летната сцена и масовно учество на ученици од образовните институции од Делчево и на прехранбената насока во СОУ „М.М.Брицо“, како и деца од детската градинка „Весели цветови“, и здруженија на граѓани кои ќе ги изложат најразлични декорации и производи од сливи. Исто така, ќе се вари и мармалад и слатко од сливи. Паралено, на сцената ќе се одржи пригодна културно-уметничка програма.
Вториот ден е посветен на сливарите и ова агодина ќе се одржува во с. Град, каде сливарите ќе се натпреваруваат во варење ракија, а на сред село ќе настапат културно-уметнички друштва.

**Активности:**
- подготовка на покани и плакати
- покани за учесници на настанот
- обезбедување штандови за учесниците за промоција на производи од слива
- награди за најдобро уредени штандови и производи
- награди за најдобра сливова ракија
- печатење промотивен материјал
- обезбедување озвучување
- благодарници за учесниците
- Вредноста на наградата изнесува:- 4.000 денари за освоено прво место за највесела ракија; - 3.000 денари за освоено второ место за највесела ракија;- 3.000 денари за најсладок мармалад (слатко); 3.000 денари за најубав штанд.

**Учесници:**
Претставници од Општина Делчево и Совет на Општина Делчево, СОУ „М.М.Брицо“, ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски“, детска градинка „Весели цветови“, ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, институции, здруженија на граѓани, земјоделски здруженија и поединци.

Место на настанот: прв ден пред Спомен-дом АСНОМ

втор ден с. Град

### 5.4.26 Ден на Востанието на Република Северна Македонија и Ден на борецот

Датум 11 Октомври

Општина Делчево традиционално го одбележува Денот на Востанието и Денот на борецот организирајќи пригодна програма.

Активности:

- покани за одбележување на настанот
- букети свежо цвеќе
- реферат за условите на изведување на Востанието и неговата улога во НОВ на македонскиот народ;
- концерт;
- изложба;

Учесници: Претставници од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, локални институции и здруженија на граѓани и членовите од КУД „Гоце Делчев“ и граѓани.

Место: Споменик на паднатите борци во центарот на градот

### 5.4.27 Одбележување Недела на детето

Секоја година, првата седмица од месец октомври им се посветува на децата. Всушност, Светската недела на детето е недела кога интензивно се зборува за правата на децата и овие денови нека бидат поттик за посериозно и попосветено продолжување со активностите за подобрување на состојбата со правата на децата. Вложувањето во децата е вложување во иднината, тие имаат право да живеат во демократски хумано општество, да се воспитуваат и да учат со цел да се надоградуваат и добро да се подготват за предизвиците во животот. Во Декларацијата за правата на децата стои – „Човештвото им должи на децата сè најдобро што може да им се даде“, затоа да го направиме светот убаво место за живеење, само така детето ќе стекне многу добра. Ако детето живее со охрабрување, тоа ќе биде сигурно во себе; ако живее со искреност, ќе научи што е вистина; ако почувствува што е прифаќање, ќе знае да се сака; ако детето учи со споделување, тоа ќе научи да биде благородно; ако детето живее со сигурност, учи да има верба во себе и во оние околу него…

Активности

- посета на детската градинка,
- Дебата за правата на детето
- посета на ученици на Општина Делчево
- Изложби
- Културно-уметничка програма

Учесници- ученици и наставен кадар, деца од детската градинка и воспитивачи,претставници од Општина Делчево и Советот, ОО на Црвен крст, здруженија на граѓани

**Локација- детска градинка, училишта, Општина Делчево Спомен-дом АСНОМ**

**Датум 1-8 октомври**

**5.4.28** Детски музички фестивал „Ѕвездичка“-прв детски музички фестивал со едукативен и регионален карактер и поттикнување на музичкото творештво кај децата, обезбедување еднаков приспат до културни содржини и промоција на млади таленти

**Активности**
Подготовка и селекција на учесници (м/ж)
Музичка и сценска подготовка и финален настап
Промоција на фестивалот
**Учесници**
Деца на возраст од 6-14 г (м/ж); музички уметници, композитори, аранжери, претставници од Општина Делчево, Здружение ЕУРИТМИКС и др.

**Локација**
Делчево

**Датум 01.01.2026-31.10.2026**

**5.4.29.Одбележување на Месецот на книгата**

Традиционално се одбележува Месецот на книгата-октомври со низа настани кои го промовираат пишаниот збор и значењето на книгите. Во соработка со ЈЛБ „Илинден“, Општина Делчево ќе организира низа настани со цел афирмација на значењето на книгите.

**Активности**
-организација на промоција на книги
-литератураен конкурс
-посета на ученици на ЈЛБ „Илинден“

**Учесници-** ученици, автори/авторки, ЈЛБ „Илинден“ претставници од Општина Делчево и од Советот, претставници од образовни институции, претставници од здруженија на граѓани

**Локација-**Мултифункционален центар во АСНОМ, ЈЛБ „Илинден“

**Датум октомври 2026**

**5.4.30 Одбележување на Денот на македонската револуционерна борба**

**Датум:** 23 Октомври

Општина Делчево со пригодни настани го одбележува 23 Октомври, Денот на револуционерната борба.

Активности:

- покани за одбележување на настанот
- букети свежо цвеќе
- реферат
- концерт
- изложба.

Учесници: Претставници од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, локални институции и здруженија на граѓани и членовите од КУД „Гоце Делчев“ и граѓани.

Место: Споменик на Гоце Делчев во центарот на градот

### 5.4.31 Денови на Димитар Узунски

Општина Делчево и ФГ „Копачка“ ќе одбележат 5-годишнината од смртта на истакнатиот фолклорист, Димитар Узунски, собирач на пијанечки народни умотворби, истражувач и раководител на ФГ „Копачка“, Димитар Узунски.

Активности

-посета на спомен-собата на Узунски во с. Тработивиште
-концерт на ФГ„Копачка“ и пријателите
-промоција на книги

Учесници- членови на ЗФГ „Копачка“, претставници на Општина Делчево и Советот, претставници на институции, на здруженија на граѓани, семејство на Узунски.

Локација- с. Тработивиште-спомен соба Узунски, спомен-дом АСНОМ

Датум- ноември

### 5.4.32. Одбележување на Свети Климент Охридски

Денот на свети Климент Охридски – 8 Декември во Македонија е државен празник, со кој се одбележува делото на првиот словенски писател и просветител, првиот словенски епископ и творец на Охридската книжевна школа. Заедно со Наум Охридски, тој е најистакнат ученик на творците на словенската писменост, светите браќа Кирил и Методиј и најверен продолжувач на нивното дело. Ги придружувал дваесетина години во просветителската мисија за одбрана на словенскиот јазик во Велика Моравија. Свети Климент Охридски е патрон на Основното училиште „Св.Климент Охридски“ во Делчево.

Активности

-положување свежо цвеќе пред споменикот на ООУ „Св.Климент Охридски“
-културно-уметничка програма
-литературен концерт

Учесници- ученици и наставници на ООУ „Св.Климент Охридски“, претставници од Општина Делчево и Советот, од институции, здруженија на граѓани

Локација ООУ „Св.Климент Охридски“

Датум 8 декември 2026

5.4.33 Новогодишна програма

Датум 20-Декември – 15- Јануари

Традиционално, Општина Делчево организира настани по повод новогодишните празници.

Активности:

- новогодишна детска програма;
- новогодишни и божиќни концерти;
- ликовни изложби
- драмски претстави;
- промоции.

Локација
Сала АСНОМ/ на отворено – божиќно село пред летната сцена

Време на одржување
20 Декември до 15 Јануари

VI Акциски план за Програмата за 2026

| Активности | Цел | Индикатори | Одговорни лица | буџет | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Бадникова поворка | Традиционална Бадникова поворка која се одржува по повод православниот празник Бадник и во пресрет на Божиќ. | Бр. на учесници во Бадниковата поворка | Општина Делчево Делчевко-каменичка епархија | донација | 6 јануари 2026 |
| 2.Обичај под маски „Сурова“ | Сочувување, афирмација и промоција на живото културно наследство, вековниот обичај под маски „Сурова“што се одржува во с. Ѕвегор. Традицијата е врзана со верскиот празник Василица, 14 јануари | Бр. на учесници под маски<br>Објави во медиуми<br>Бр на посетители м/ж | Здружение на граѓани Ѕвегорскисуроваскари, МЗ с. Ѕвегор, одговорни лица од О. Делчево | 10.000 ден | 14 јануари 2026 |
| 3. Водици | По повод верскиот празник Водици и осветување на водите на река Брегалница, Општина Делчево доделува еднократна парична помош на фаќачот на светиот крст | Бр на учесници на чинот на осветување на водите | Делчевско-каменичка епархија, Општина Делчево | 10.000 ден. | 19 јануари 2026 |
| **4. Почеток на меѓународна манифестација „Денови на Гоце Делчев“-** Одбележување годишнина од раѓањето на Гоце Делчев | Сочувување и оддавање почит кон ликот и делото на патронот на Делчево, Гоце Делчев по повод раѓањето на Делчево | Бр на учесници м/ж<br>Бр на настани: историски час; изложби;промоции;<br>Објави во медиуми | Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“<br>Образовни институции, научници, артисти | 10.000 ден | 4 февруари 2026 |
| **5.**Одбележување годишнина од | Оддавање почит кон делото на НОВ на Македонија и тактичко- | Бр на учесници м/ж<br>објави во медиуми | Општина Делчево,<br>КУД „Гоце Делчев“ | 6.000 ден | Втората половина на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Февруарскиот поход | оперативните дејства познати како Февруарски поход кои ја опфаќаат и планината Голак во 1940 г. | учесници во планинарскиот марш м/ж | | | месец февруари 2026 |
| **6.**Одбележување на светиот месец Рамазан | Почитување на верскиот празник на жените/мажите од муслиманската заедница, градење соживот и почит кон секој граѓанин | Бр на настани<br>Бр на учесници (м/ж) | Општина Делчево<br>Џамиски одбор | 10.000 | Март 2026 |
| 7.Денови на пијанечкиот мед | Промоција и афирмација на пијанечкиот мед како квалитетен и чист еколошки производ | Бр на настани<br>Учесници (М/Ж) | Општина Делчево<br>Здружение „Пијанечка пчела 2“ | По Јавен повик за ГО | Март-септември 2026 |
| 8.Априлијада | Активности по повод 1 Април, Ден на шегата со учество на ученици, дефиле под маски и сценско-музички настан под маски на летната сцена | Бр на учесници м/ж<br>Објави во медиуми | О. Делчево, училишта, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, детска градинка | / | 1 април 2026 |
| **9.**Меѓународен ден на Ромите | По повод 8 Април Меѓународниот ден на Ромите се прославува ромска култура и традиција и се подига јавната свест за проблемите со кои се соочуваат Ромите за достоинствен живот. | Бр на учесници м/ж<br>Бр на настани<br>Објави на медиуми | О.Делчево<br>НВО, училишта | 10.000 | 8 Април 2026 |
| 10.Велигденска изложба | По повод големиот христијански празник традиционално се организира Велигденска изложба на творби на која се анимираат за учество учениците, граѓани, институции. Со цел да се пттикне креативноста, О. Делчево доделува три награди за најдобри креации | Бр.на учесници м/ж<br>Бр на доделени награди м/ж<br>Објави во медиуми | О.Делчево, НВО, училишта, НУЦ „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, детска градинка | 7.000 | Велигден 2026 |
| 11. Манифестација посветена на Љубомир Белогаски | Почит кон ликот и делото на македонскиот академски сликар Љубомир Малешевски | Бр на учесници на конкурсот м/ж<br>Бр на настани<br>Бр на творби | Општина Делчево<br>НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“<br>училишта | 6.000 | 15 април<br>15 април 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр на награди | | | |
| 12.одбележување годишнина од раѓањето на Методи Митевски-Брицо | Почит кон ликот и делото на Методи Митевски Брицо | Бр на учесници м/ж<br>Бр на настани | Општина Делчево<br>СОУ „М.М.Брицо“ | / | 15 април 2026 |
| 13. одбележување на годишнината на смртта на Гоце Делчев | По повод 4 мај, Денот на убиството на патронот на Делчево, Гоце Делчев се организира настан пред споменикот на Делчев | Учесници на настанот м/ж<br>Објави во медиуми<br>Бр на настани | О.Делчево, КУД „Гоце Делчев“<br>Училишта<br>Здруженија на граѓани | 10.000 | 4 мај 2026 |
| 14. регионален фолклорен фестивал „Оро се вие покрај манастирот“ | Промоција на традицијата поврзана за верскиот празник Ѓурѓовден | Бр на учесници м/ж | Општина Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ | / | 6 мај 2026 |
| 15. Одбележување на Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа | Значењето на обединета Европа и на победата над фашизмот | Бр на учесници м/ж<br>Бр на настани | Општина Делчево, Локален совет на млади, СОУ „М.М.Брицо“<br>Здруженија на граѓани | / | 9 мај |
| 16.Одбележување на патрониот празник Ванчо Прке | Почит кон ликот и делото на народниот херој Ванчо Прке | Бр на учесници м/ж<br>Бр на настани | Општина Делчево<br>ООУ „Ванчо Прке“ | / | 21 мај 2026 |
| 17.Одбележување 150 години од Разловечкото востание | О.Делчево традиционално организира настан во с. Разловци со цел да се одбележизначајниот датум од предилинденскиот период и од првото вооружено востание организирано на 20 мај 1876 г од локалните жители во с. Разловци | Бр на учесници м/ж<br>Бр на настани<br>Доделени благодарници<br>Учесници ан планинарскиот марш м/ж<br>Објави во медиуми | О.Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, ПУ во с. Разловци<br>Културно-уметнички друшта | 10.000 | 20 мај 2026 |
| 18.Одбележување на 24 Мај-денот на сесловенските | О.Делчево го одбележува Денот на сесловенските просветители како заштитници на градот. По тој повод | Бр на учесници м/ж, бр на организирани настани, објави во | О.Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, НВО | 20.000 | 24 мај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| просветители св.Кирил и Методи | се организираат низа настани од областа на културата | медиуми | | | |
| 19..Завршен дел од манифестацијата „Денови на Гоце Делчев“ | Со цел почит кон ликот и делото на патронот на градот се организираат низа настани | Бе на учесници м/ж Бр на настани | Општина Делчево , ЈЛБ Илинден, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ | 10.000 | 1-10 јуни 2026 |
| 20.Делчевско лето | Во текот на летниот период и во соработка со др.институции, бизнис-заедницата, граѓански сектор, со цел побогата културна програма во текот на лестото, О. Делчево ќе организира низа настани: целовечерни концерти, изложби, промоции и сл. | Бр на учесници м/ж, бр на настани, објави во медиуми | О. Делчево, НИЦ „Н.Ј.Вапцаров“ ЈЛБ „Илинден“, бизнис-заедница,<br>Автори, артисти | 300.000 | Јули/август 2026 |
| 21. Одбележување годишнина од Илинденското востание | О.Делчево традиционално организира активности со цел достојно одбележување на годишнината од Илинденското востание. | Бр на учесници м/ж, бр на настани, објави во медиуми<br>Учесници во културно-забавниот дел во с. Ѕвегор кај манастирот „Св.Илија“ | О. Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, МЗ с. Ѕвегор<br>Културно-уметнички друштва | 10.000 | 2 август 2026 |
| 22.Голачки фолклорни средби | Во пресрет на верскиот празник св. Пантелејмон, на врвот Чавка на планината Голак, покрај истоимениот манастир, или на летната сцена се организира традиционалниот фолклорен фестивал „Голачки фолклорни средби“ | Бр на учесници м/ж<br>Објави во медиуми,бр на поставени штандови м/ж, | О.Делчево, НУЦК „Н.Ј.Впцаров“, културно-уметнички друштва | 70.000 | 8 август 2026 |
| 23.одбележување годишнина од | По повод одбележување на 7 Септември , Ден на | Бр на учесници м/ж, Бр на настани, | О. Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ | 30.000 | 7 и 8 септември |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ослободувањето на Делчево и Ден на независноста на РСМ | ослободувањето на Делчево и 8 Септември Ден на независноста организираат низа настани:концерт, изложби, промоции и сл. | артисти/ки, објави во медиуми | „Илинден“, училишта, детска градинка, НВО | | 2026 |
| 24. Делчево фест/Пијанечко-малешевска свадба | Традиционалната културна манифестација „Пијанечко-малешевска свадба“ чија цел е сочувување од заборав на свадбарските обичаи што има регионално значење и во промоција на регионот, но и сочувување на традицијата и фолклорот | Бр на учесници м/ж Објави во медиуми, | О.Делчево, КУД „Гоце Делчев“ | 50.000 | Почеток на септември 2026 |
| 25. Денови на пијанечката слива | Традиционална манифестација која го слави брендот на сливата и преработките од слива., карактеристични за Пијанечкиотрегион.Традиционално Општината ги наградува највкусните специјалитети, и најдобрата сливова ракија, како и најдобро украсениот штанд. Одржување на манифестацијата во два дена: 1.во Делчево-изложба на специјалитети и изработки; 2 ден с. Град, натпревар во варење ракија | Бр на учесници м/ж Бр на наградени учесници м/ж Објави во медиуми, Пропаганден материјал | О.Делчево, НУЦ „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ „Илиднен“, НВО | 20.000 | Втората половина на септември 2026 |
| 26. Детски фестивал Ѕвездичка | Прв фестивал за детски песни и промоција на млади таленти | Бр на учесници м/ж Бр на награди | Здружение Еуритмикс, Општина Делчево | По Јавен повик за ГО | |
| 27. Ден на Востанието и Ден на борецот | По повод 11 Октомври, О Делчево оддава почит на борците од НОБ со положување свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци во Делчево | Бр на учесници м/ж Објави во медиуми | О.Делчево, КУД „Гоце Делчев“ | 2.000 | 11 Октомври 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28.Одбележување на Денот на македонската революционарна борба | По повод 23 Октомври Денот на македонската револуционарна борба, О. Делчево организира свеченост пред споменикот на Гоце Делчев | Бр на учесници м/ж<br>Бр на објави во медиуми | О. Делчево, КУД „Гоце Делчев“ | 2.000 | 23 октомври 2026 |
| 29. Денови на Димитар Узунски | Општина Делчево и ЗФГ „Копачка“ одбележуваат 5-годишнината од смртта на Димитар Узунски, целта е промоција и афирмација на ликот и делото на Узунски, истакнат фолклорист, собирач на народни умотворби, раководител на ФГ „Копачка“. | Бр на настани<br>Бр на учесници (м/Ж) | Општина Делчево и ЗФГ „Копачка’ | По Јавен повик на ГО | Ноември 2026 |
| 30. Одбележување на празникот Свети Климент Охридски | Патрон на ООУ „Св.Климент Охридски“ | Бр на ученсици м/ж,<br>Настани | Општина Делчево<br>ООУ „Св.Климент Охридски“ | / | 8 декември 2026 |
| 31. Новогодишна програма | Новогодишна програма со концерти, детски претстави, изложби и сл., новогодишна културно-забавна програма за деца | Бр на учесници м/ж<br>Бр на настани<br>Објави во медиуми<br>Бр на поделени детски новогодишни пакетчиња | О. Делчево, училишта, детска градинка НВО, бизнис-заедница | 40.000 | Декември 2026 |

## VII РИЗИЦИ

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик. Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничкоза сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност.“ Врз основа на веројатноста и влијанието, ризиците можеме да гиподелиме на:
- Високи (High)
- Средни (Medium)
- Ниски (Low)

Настани кои доведуваат до појава на ризици во спроведувањето на Програмата за култура за 2026 година се:

**А) финансиски влијанија**
- недоволни средства за реализација на Програмата
- кратење на планираните средства за култура
- доколку не постои поддршка од Министерството за култура за реализација на проекти
- доколку не постои соработка со бизнис-заедницата
- доколку не постои соработка со НВО од областа на културата

**Б) надворешни влијанија**
- лоши временски услови за организација на настани на отворено
- забрана за движење во шума поради опасност од пожари што директно влијае врз организацијата на Голачките фолклорни средби
- здравствена и друг вид криза

**В) слаба понуда на настани од културата**
- слаба посетеност и слаб интерес кај публиката

## VIII ФИНАНСИСКИ ДЕЛ

### 4.1 Табеларен преглед на настани и финансии

| Табела 1 Реден бр. | Настан | Месец на одржување | Буџет во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Меѓународна манифестација „Делчево за Делчев“ (1 и 2 дел) | Февруари/јуни | 20.000,00 |
| 2. | Свежо цвеќе за одбележување годишнини и значајни настани и за други поводи | Цела година | 33.000,00 |
| 3. | Културно наследство –обичај под маски Сурва | 14 јануари | 10.000,00 |
| 4. | Верска традиција по повод Водици | 19 јануари | 10.000,00 |
| 5. | Февруарски поход | Февруари | 6.000,00 ден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Одбележување на светиот месец Рамазан | Март | 10.000 ден |
| 7. | Одбележување годишнина од раѓањето на Љубомир Белогаски | Април | 6.000,00 |
| 9. | Велигденска изложба (награди за штандови) | Велики четврток април/мај | 7.000,00 |
| 9. | Одбележување годишнина од Разловечко востание (превоз, ручек за гости и планинари) | 20 Мај | 10.000,00 |
| 10. | Одбележување на патронот Св.Кирил и Методиј (авторски хонорари за уметници) | 24 мај | 20.000,00 |
| 11. | Одбележување 2 Август –Илинден-поддршка во с. Ѕвегор | Август | 10.000,00 |
| 12. | Делчевско лето- | Јули/август | 300.000,00 |
| 13. | Голачки фолклорни средби | Август | 70.000,00 |
| 14. | Одбележување на Денот на ослободување и Денот на независноста | Септември | 30.000,00 |
| 15. | Пијанечко-малешевска свадба (подарок-ручек на сватови) | Септември | 50.000,00 |
| 16. | Ден на пијанечката слива (награди, промотивен материјал) | Септември | 20.000,00 |
| 17. | Новогодишна/божиќна програма | Декември/јануари | 56.000,00 |
| 18. | Печатење плакати, покани | Цела година по повод | 25.000,00 |
| 19. | Одбележување 8 Април | 8 Април | 10.000,00 |
| Вкупно | | | 705.000,00 |
| Табела 2 | | | |

| Табела 2 Реден бр. | Други непредвидени расходи | | Буџет |
|---|---|---|---|
| 1. | Други договорни услуги | | 200.000,00 |
| 2. | Непредвидени трошоци | | 130.000,00 |
| | Вкупно | | 330.000,00 |
| табела 1+2 | ВКУПНО | | 1.035.000,00 |

8.2 ФИНАНСИРАЊЕ на активностите по Програмата

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Делчево предвидени за 2026 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, Министерство за култура, спонзорства и донации.

При реализацијата на Програмата ќе се гради партнерство и ќе се обезбедат средства од други извори на финансирање:

1. Министерството за култура на РепубликаСеверна Македонија;
2. Трговски друштва и јавни претпријатија;
3. Фондации;
4. Други правни и физички лица, заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
7. Други извори.

## IX КАЛЕНДАР НА НАСТАНИ

| Датум | Настан/манифестација | Активности | Организација |
|---|---|---|---|
| 6 јануари | Бадникова поворка | Организирање бадникова поворка<br>Новогодишни пакетчиња за учесниците<br>Плакати | Општина Делчево<br>Делчевско-каменичка епархија |
| 14 јануари | Локален обичај под маски Сурва | Плакати<br>Поддршка за набавка на нови маски | Општина Делчево, организациски одбор во с. Ѕвегор |
| 18 јануари | Верска традиција по повод Водици | Доделување награда на фаќачот на крстот | Општина Делчево<br>Делчевско-каменичка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | епархија |
| 4 февруари | Почеток на меѓународна манифестација „Денови на Гоце Делчев“- Одбележување на раѓањето на Гоце Делчево | Положување свежо цвеќе<br>Реферат<br>Историски час<br>Изложба<br>Литературен конкурс<br>Концерт | Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“<br>Образовни институции |
| Втората половина на месец февруари | Одбележување годишнина од Февруарскиот поход | Положување свежо цвеќе<br>Реферат<br>Планинарски марш | Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“<br>Планинарски друштва |
| Март 2026 | Одбележување на светиот месец Рамазан | Ифтарска вечера<br>Средба со претставници на Џамискиот одбор | Општина Делчево<br>Џамиски одбор |
| Март-септември 2026 | Денови на пијанечкиот мед | Предавања по училиштата за значењето на медот<br>Саем на мед | Општина Делчево,<br>Здружение „Пијанечка пчела два“ |
| 1 април | Априлијада | Дефиле низ улиците на Делчево<br>Настап на поединечни и групни маски<br>Обезбедување озвучување и забава на летната сцена | Општина Делчево<br>ООУ „Ванчо Прке“<br>ООУ „Св.Климент Охридски“<br>Детска градинка „Весели цветови“ |
| 8 април | Меѓународен ден на Ромите | Прием кај градоначалникот,<br>Истакнување на ромското знаме пред Општина Делчево;<br>Ораторска вечер/дебата<br>Свечена програма<br>Доделување 3 награди на најдобри ученици Роми | Општина Делчево,<br>ООУ „Ванчо Прке“<br>ООУ „Св.Климент Охридски“<br>СОУ „М.М.Брицо“<br>НВО КХАМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Велики четврток | Велигденска изложба | Поставување штандови;<br>Избор на најубави велигденски декорации;<br>Благодарници за учество;<br>Озвучување;<br>Програма на летната сцена | Општина Делчево,<br>Детска градинка „Весели цветови“<br>СОУ „М.М.Брицо“<br>ООУ „Ванчо Прке“<br>ООУ „Св.Климент Охридски“<br>ЈЛБ Илинден<br>НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“<br>Граѓански организации |
| 15 април 2026 | Одбележување годишнина од раѓањето на Љубомир Белогаски | Конкурс за ликовни творби „По делата на Белогаски“<br>Доделување награда „Љубомир Белогаски“ | Општина Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, училишта |
| 15 април | Одбележување на денот на раѓањето на М.М.Брицо | Патронат на СОУ „М.М.Брицо“<br>Положување свежо цвеќе<br>Културно-уметничка програма | Општина Делчево СОУ „М.М.Брицо“ |
| 4 мај | Одбележување годишнина од смртта на Гоце Делчев- | Положување свежо цвеќе;<br>Реферат,<br>Концерт<br>изложба | Општина Делчево;<br>КУД „Гоце Делчев“<br>Артисти<br>Училишта |
| 6 мај | Регионален фолклорен фестивал „оро се вие кај манастирот“ | Организација на Фестивалот | Општина Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ |
| 9 мај | Одбележување на Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа | Положување свежо цвеќе;<br>Реферат;<br>Активности на Советот на млади,<br>Ученички парламенти | Општина Делчево;<br>КУД „Гоце Делчев“<br>Совет на млади<br>Ученички парламенти |
| 8-14 мај | Недела на Црвениот крст | Хуманитарни акции<br>Свеченост по повод доделување награди и признанија на крводарителите | Општина Делчево<br>ОО на Црвен крст |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 мај | Одбележување годишнина од Разловечко востание | Положување свежо цвеќе;<br>Културно-уметничка програма;<br>Планинарски марш;<br>Ручек за гости | Општина Делчево<br>ПУ „Св.Климент Охридски“ во Разловци<br>КУД „Гоце Делчев“<br>НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“<br>Планинарски друштва |
| 20 мај | Одбележување на Денот на пожарникарите | Тактичко-показна вежба<br>Средба со пожарникарите<br>Доделување награда за најдобар пожарникар | Општина Делчево<br>ТППЕ Делчево |
| 21 мај | Одбележување на народниот херој Ванчо Прке | Патронат на ООУ „Ванчо Прке<br>Културно-уметничка програма | Општина Делчево, ООУ „Ванчо Прке’ |
| 24 мај | Ден на сесловенските просветители | Организација на концерт;<br>Изложба<br>Промоција на книги | Општина Делчево<br>ЈЛБ „Илинден“<br>НУЦК„Н.Ј.Вапцаров“<br>Образовни институции |
| 1-10 јуни | Завршни денови на манифестацијата „Делчево за Делчев“ | Вечер на староградска музика<br>Поп-рок хепенинг | Општина Делчево |
| 2 август | Одбележување годишнина од Илинденското востание | Положување свежо цвеќе<br>Реферат<br>Културно-уметничка програма кај манастирот „Свети Илија“ во с. Ѕвегор | Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“<br>НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“<br>МЗ на с. Ѕвегор |
| Јули/август | Делчевско лето | Целовечерни | Општина Делчево |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | концерти,<br>Изложби,<br>Промоции на книги,<br>Поддршка на млади автори и уметници | ЈЛБ „Илинден“<br>НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“<br>ГО-и, |
| 8 август | Голачки фолклорни средби | Листа на учесници на Меѓународниот фестивал<br>Превоз на учесници<br>Вечера, сместување делегации,<br>Поставување штандови | Општина Делчево<br>НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ |
| Првата сабота во септември | Фестивал „Делчево-фест“ и Пијанечко-малешевска свадба | Поддршка на подоготовките на фестивалот, обезбедување подарок на младенците,<br>Прием кај градоначалникот на младенците<br>Ручек за сватовите,<br>Сместување на делегации,<br>Ручек за играорци. | Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“ |
| 7 септември | Одбележување на Денот на ослободување на Делчево и Денот на ензависноста на РСМ | Положување свежо цвеќе,<br>Реферат,<br>Свечена седница на Советот,<br>Концерт,<br>Изложба,<br>Промоција на книги | Општина Делчево,<br>ЈЛБ „Илиднен“<br>НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ |
| 1-8 септември | Недела на детето | Посета на детска градинка<br>Промотивни активности за правата на детето | Општина Делчево, ОО на Црвен крст<br>Детска градинка,<br>Ичилишта |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Втора половина на септември | Пијанечки денови на сливата | Штандови за учесници за промоција на производи од слива,варење ракија од сливи,мармалад, Награди за учесници | Општина Делчево<br>ЈЛБ „Илинден“<br>НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“<br>Образовни институции,<br>Овоштари,<br>Фирми, индивидуални производители |
| 1-8 октомври | Недела на детето | Посета на детка градинка<br>Дебати<br>Посета на ученици на Општина Делчево | Општина Делчево, детска градинка, училишта, ОО на Црвен крст, ЈЛБ „Илинден“ |
| 11 октомври | Ден на востанието | Положување свежо цвеќе,<br>Реферат | Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“ |
| 23 октомври | Ден на македонската револуционерна борба | Положување свежо цвеќе,<br>Реферат | Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“ |
| ноември | Денови на Димитар Узунски | Концерт, посета на спомен-собата на Узунски | Општина Делчево<br>Здружение ФГ „Копачка“ |
| 8 декември | Одбележување на Денот на Свети Климент Охридски | Положување свежо цвеќе<br>Културно-уметничка програма<br>Спортски игри | Општина Делчево<br>ООУ „св.Климент Охридски“ |
| 20.12-15.12 | Новогодишна програма | Детска драмска претстава,<br>Новогодишни и божиќни концерти<br>Ликовни изложби, промоции | Општина Делчево,<br>НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“<br>ЈЛБ „Илинден“<br>ГО-и, бзинис-заедница |

## X Следење и известување/ Евалуација

Секоја стратегија, програма, план или политика изискува и примена на соодветни алатки/ методи на следење на реализацијата на документот. Имајќи ги предвид потребите дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на Програмата за култура за 2026 г. на Општина Делчево ќе се врши секој

месец во текот на годината од страна на секретарот на Општина Делчево и Комисијата за организирање настани и културни манифестации.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени докуемнти на веб-страницата.

Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Евалуацијата која е систематска и цел на проценка за тековни или завршени проекти, програми или стратегија, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста, ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. На крајот на имплементацијата на Програмата ќе се подготви и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево.

10. 1 План за мониторинг и евалуација на Програмата

| Индикатор | Извор на податоци | Метод на собирање податоци | Алатка | Фреквенција на собирање податоци | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на организирани настани со средства од Општината;<br>Број на организирани настани од институциите од областа на културата;<br>Бројна посетители на настани;<br>Бр на доделени награди и признанија;<br>Бр на поделени покани за настани;<br>Бр на објави во медими. | -одржани настани со верификација од записници на одржани состаноци од Комисијата; објави на медиуми; фотографии и видео материјал од настани.<br>-доделени награди за учесници.<br>- продадени влезници за настани;<br>-изработени и поделени покани за настани | Квалитативна, квантитатива и компаративна проценка на податоци. | Анализа на силнистрани, слабистрани, можности и закани;<br>Мапирање резултати;<br>Дневна мониторинг алатка;<br>Упатство за набљудување. | Мониторинг-месечно<br>Евалуација-на крајот од годината | Секретар на Општина,<br>Одговорно лице од администрација та одговорни лица од институциите од култура и граѓанскиот сектор |

XI.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Бр. 09-869/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
12.03.2026 Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

18.Врз основа на член 53, 54, 55 и 55-а од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" бр.68/2004, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 06/12, 23/2013, 120/2013, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19 и 67/22), член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/13 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 12.03.2026 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за определување на тарифи за вршење на авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат тарифите за вршење на авто-такси превоз на патници во рамки на општината, како и тарифата за вршење на авто-такси превоз кон друга општина или градот Скопје.

Член 2

Тарифи за пресметување на цената за вршење на авто-такси превозот се следниве:

- **Тарифа 1.1 дневна тарифа** (во рамки на општината) се определува:

1. Старт (почеток на превозот со вклучен 1км)......................70,00 денари
2. Изминат километар при возење ........................................25,00 денари
3. Еден (1) час чекање..........................................................300,00 денари

- **Тарифа 1.2 ноќна тарифа од 22.00-05.00 часот и за време на празници и недела** (во рамки на општината) се определува:

1. Старт (почеток на превозот со вклучен 1км)......................90,00 денари
2. Изминат километар при возење ........................................25,00 денари
3. Еден (1) час чекање..........................................................300,00 денари

- **Тарифа 2 (кон друга општина или градот Скопје)** се определува:

1. Старт (почеток на превозот со вклучен 1 км) ..................100,00 денари
2. Изминат километар ...........................................................15,00 денари
3. Еден (1) час чекање..........................................................300,00 денари

Член 3

Цената за превозот се наплатува врз основа на износот утврден со баждарен фискален апарат – таксиметар според утврдените тарифи во оваа Одлука.

Превозникот е должен на видно место во возилото да ја истакне тарифата.

Член 4

Возилата кои имаат Сертификат за верификација на мерило по тарифите од Одлуката за определување на тарифа на авто-такси превозот на подрачјето на Општина Делчево со бр.09-603/1 од 30.03.2018 година и се со важност по стапување во сила на оваа Одлука се должни да ги баждарат фискалните таксиметри согласно тарифите од член 2 на оваа Одлука најдоцна до 01.05.2026 година.

Член 5

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на тарифа на авто-такси превозот на подрачјето на Општина Делчево број 09-603/1 од 30.03.2018 година.

Член 6

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 870/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**12.03.2026 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**19.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а согласно член 11 став 1 точка 6 и 8 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15) и член 22 став 1 точка 32 од Статутот на општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 7.седница на Советот, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Програмата за работа**
**на ЈКП„Брегалница“-Делчево за 2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2026 година, бр.0102-707/1 од 31.12.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-871/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**12.03. 2026 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**20.** Врз основа на, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 24 став 1 алинеја 11 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.07/2016), Советот на Општина Делчево на својата 7.седница, одржана на 12.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за недавање согласност на Одлуката**
**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување**
**на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027**

Член 1

Советот на Општина Делчево не дава согласност на Одлуката за утврдување на тарифа **за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдувањена ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027** бр.0202-211/3 од 05.03.2026, донесена од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница„-Делчево.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 872/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**12.03.026 година** — **Претседател,**
**Д е л ч е во** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

**21.** Врз основа на, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 24 став 1 алинеја 11 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.07/2016), Советот на Општина Делчево на својата 7. седница, одржана на 12.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за недавање согласност на Одлуката**
**за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани**
**отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027**

Член 1

Советот на Општина Делчево не дава согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 година бр.0202-211/4 од 05.03.09.2026, донесена од страна на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница“.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 873 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**12.03.2026 година** — **Претседател,**
**Д е л ч е во** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

22. Врз основа на, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002,", Советот на Општина Делчево на својата 7.седница, одржана на 12.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлуката**
**за утврдување на надоместоци за користење под закуп**
**на пазаришни тезги и деловни објекти**
**на „Градски пзар во Општина Делчево “**

Член 1

Советот на Општина Делчево **дава** согласност на Одлуката **за утврдување на надоместоци за користење под закуп на пазаришни тезги и деловни објекти**
**на „Градски пзар во Општина Делчево “** бр.0202-211/5 од 05.03.2026, донесена од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница„-Делчево.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 874/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**12.03.026 година** **Претседател,**
**Д е л ч е во** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**23.**

Врз основа на член 53 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево, на својата седма седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на член од Советот на Општина Делчево кој одлучува во случај на конфликт на интереси на Градоначалникот**

**Член 1**

За член од Советот на Општина Делчево кој ќе одлучува во случаите од член 53 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), односно кога се одлучува за прашања во кои Градоначалникот или неговиот брачен другар, деца или роднини до втор степен странична линија имаат финансиски или друг личен интерес се назначува советникот **Адријана Илиевска Велковски**.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево”.

**Бр. 09 – 875/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**12.03.2026 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**24.** Врз основа на член 53 став и 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19,76/20, 229/20, 3/25 и 74/25), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019, 1/2021) и Барање бр. 09-сл од 10.03.2026 за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке““ Делчево бр. 09-2013/1 од 29. 08.2025, Советот на Општина Делчево на својата 7. седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево бр. 09-2013/1 од 29. 08.2025**

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево бр. 09-2013/1 од 29.08.2025 година.

Член 2

Измената се однесува на Табеларниот преглед член 3 од одлуката .

Во Подрачно училиште **(ПУ) во с. Габрово** се формира **комбинирана паралелка од ( II и V одделение);**

Во Подрачното училиште **(ПУ) во с. Ѕвегор** се формира **комбинирана парелелка од (IV и V одделение).**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

Бр.09-876/1
12.03. 2026
Делчево

Совет на Општина Делчево
Претседател
Николчо Стојменовски ,с.р.

**Вкупен број на ученици по паралелки за учебната 2025/2026**

| Основно училиште | Број на ученици по паралелки |
|---|---|
| ООУ „Ванчо Прке“ Делчево | I 1-20 |
| | I 2 20 |
| | I 3-12 |
| | II 1-17 |
| | II 2-13 |

| | |
|---|---|
| | II 3-24 |
| | III 1-16 |
| | III 2-16 |
| | III 3-13 |
| | IV 1- 16 |
| | IV 2- 17 |
| | IV 3- 9 |
| | V 1- 12 |
| | V 2-11 |
| | V 3-21 |
| | VI 1-15 |
| | VI 2-15 |
| | VI 3-14 |
| | VII 1-11 |
| | VII 2-10 |
| | VII 3-12 |
| | VII 4- 16 |
| | VIII 1- 12 |
| | VIII 2-14 |
| | VIII 3-15 |
| | VIII 4-15 |
| | IX1 – 11 |
| | IX 2-13 |
| | IX 3- 10 |
| | IX 4-9 |
| Подрачни училишта | |
| С. Габрово | I-0 |
| | II-1 |
| | III-0 |
| | IV-0 |
| | V-2 |
| | II и IV-Комбинирана паралелка |
| С. Ѕвегор | |
| | I-0 |
| | II-0 |
| | III-0 |
| | IV-1 |
| | V-2 |
| | IV и V -Комбинирана паралелка |

**25.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-сл од 10.03.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 7. седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска помош на Демир Јашаров**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 16.750,00 денари по барање на **Демир Јашаров од Делчево.**

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за организирање на Ифтарска вечер по повод месец Рамазан во Делчево.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на име **Демир Јашаров**,на трансакциска сметка 200003014279551 Стопанска Банка АД Скопје Филијала Делчево.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 877/1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
12.03. 2026 година | Претседател,
Делчево | Николчо Стојменовски

**26.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-сл од 10.03.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 7. седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска помош на Ерол Садулов**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 12.050,00 денари по барање на **Ерол Садулов од с.Трaботивиште, Делчево.**

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за организирање на Ифтарска вечер по повод месец Рамазан во с.Трaботивиште.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на име **Ерол Садулов**, на трансакциска сметка 200003888111520 Стопанска Банка АД Скопје Филијала Делчево.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –878/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
12.03. 2026 година Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

27. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-сл/1 од 11.03.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 7. седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одобрување средства за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **84.304** денари по барање на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за покривање трошоци за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за месец декември 2025 и јануари 2026.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 879/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

12.03. 2026 година Претседател,

Делчево Николчо Стојменовски, с.р.

**28.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-сл/1 од 11.03.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 7. седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства за подмирување на трошоци**
**за електрична енергија на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **93.788** денари по барање на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за покривање трошоци за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за месец декември 2025 и јануари 2026.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 880/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**12.03. 2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски**

**29.**Врз основа на член 36 став од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 145 од Деловникот и Предлогот за дополнување на дневниот ред доставен од градоначалникот на Општина Делчево, бр 09-сл од 12.03.2026 година , Советот на Општина Делчево, на 7. седница одржана на ден 12.03.2026 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**во врска со Информацијата за советниците и јавноста во врска со обидите на советникот Тони Стаменковски од политичката партија Левица.**

1. Советот на Општина Делчево го осудува ширењето на континуирани лаги и инсинуации и континуирани обиди за ширење паника кај граѓаните на Општина Делчево во врска со намерата на одреден деловен субјект за воспоставување постојка за стерилизација на медицински отпад;

2.Советот на Општина Делчево констатира дека ваквите дезинформации се шират свесно и континуирано, со цел создавање паника и чувство на несигурност кај граѓаните, што директно ја

нарушува стабилноста и спокојството во локалната заедница и претставува нарушување на бизнис климата во Делчево;

3. Се утврдува дека со овој заклучок се става крај на сите шпекулации, дезинформации и лажни сценарија поврзани со наводно воспоставување постојка за стерилизација на медицински отпад на територијата на Општина Делчево;

4.Овој Заклучок е јасна порака до граѓаните дека Советот на Општина Делчево и Општина Делчево стојат цврсто во заштитата на здравјето на граѓаните и заштитата на животната средина во општина Делчево;

5. Со цел целосна транспарентност и навремено информирање на јавноста, овој Заклучок ќе бида објавен на официјалната интернет страница на Општина Делчево, како и преку останатите официјални канали за комуникација на општината, заради целосно и точно запознавање на граѓаните со нивната содржина и со ставовите на Советот на Општина Делчево.

Број 09- 881 /1
12.03.2026 год.
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски, с.р.